СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јануари 1997 година

Скопје, јануари 1997 година

**ПЕДЕСТ И ОСМА (58) СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 29.I.1997 ГОД.**

1. АРСОВСКИ БРАНКО 9
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 41, 46, 48
3. ВАНГЕЛОВ АТАНАС30, 39, 67
4. ИБРАИМИ САМИ 104
5. КАДРИУ ЗЕЌИР 80
6. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 63
7. МАЛИЌИ НАЗМИ 85
8. МИТРЕВА ИЛИНКА 99, 100КА
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
10. ПЕЦОВ МИРКО 7
11. ПРУСИ АБДУРАУФ 22

12 РАМАДАНИ ХИСЕН 48, 103

13. РУЖИН НАНО 68, 70
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 34, 72, 78
15. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 5
16. ТОДОРОВА СОФИЈА (МИНИСТЕР ЗА 0БРАЗ0ВАНИЕ) 14, 21, 46, 67
17. ТАИРИ МЕВЉАН 90, 92
18. ФИТИ ТАКИ 11
19. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ (го заменува претседателот) 72
20. ХАСИПИ КЕНАН 54
21. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 57
22. ШАЌИРИ ХИСНИ 26,30

ДНЕВНИОТ РЕД. СЕ НАОЃА НА СТРАНА 2

Т.1-стр.4

Т.2-стр.13

С Е Д Н И Ц А Т А П Р О Д О Л Ж У В А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јануари 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стојковски, Владе Давитковски, Марјан Начевски, Славе Наумовски, Тодосије Паунов и Зоран Крстевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записникот од Педесет и седмата седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (Нема)

Констатирам дека записникот од Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Пратеничката група на ПДП предлага Предлогот за избор на претседатели на основните судови во Република Македонија да се одложи од оваа седница за една од наредните седници поради дополнителни консултации.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Според тоа за оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за гаранции на Република Македонија по Договорот за заем на Проектот Кредитна линија за мали и средни претпријатија, со Предлог на закон,

2. Предлог за донесување на закон за јазиците на кои се изведува настава на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје, со Предлог на закон,

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Билатералниот договор меѓу Македонската Влада и Шпанската Корпорација за осигурување на кредити во извозот S.A. (CESE) за репрограмирање на надворешниот долг на Република Македонија, со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Данската Влада за консолидација на долгот на Македонската Влада кон Данската Влада, со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Предлог на закон,

6. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот за репрограмирање на долг меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска, со Предлог на закон.

7. Нацрт на закон за енергетика,

8. Избор на претседатели на основните судови во Република Македонија,

9. Предлог за разрешување заменици на јавниот обвинител на Република Македонија,

10. Предлог за разрешување заменик на Окружниот јавен обвинител - Скопје.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Предлагам како последна точка на оваа седница пролонгирање на изборите во Тетово и можните импликации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски, таква информација може да ни даде само Државната изборна комисија. Ние на денешнава седница не сме во состојба да презентираме такви информации.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Затоа реков како последна точка на дневен ред. Ако има можности во ред, ако не останува, се разбира за прва наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас можам да предложам да побараме информација од Државната изборна комисија за наредната седница или вашиот предлог да го ставам на гласање. Трета алтернатива нема.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Би сакал предлогот да се стави на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Стојановски, молам да крене рака? (15 пратеника)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (74 пратеника)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за дополнувате на Законот за гаранции на Република Македонија по Договорот за заем на Проектот Кридитна линија за мали и средни претпријатија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На Комисијата за стопанство на овој предлог се посвети соодветно внимание затоа што се работи за долго очекуваните кредити кои што треба да значат поттикнување на малите и средни претпријатија особено она што значи производство и, се разбира, одредени ефекти од сето тоа.

Воопшто не е во прашање потребата од вакви кредити, меѓутоа во јавноста многу често точно ваквите кредитни пласмани се често пати примени со одредена резерва, често пати се слушаат и од нас како пратеници се бараат погрешни информации -кои што ние не можеме да ги

дадеме на нашите избирачи и граѓани во смисла на ненаменско трошење на овие кредити, на овие пласмани и сомнителни ефекти од нивното пласирање.

Според тоа, во знак на поддршка на овој закон, за да ги елиминираме сите овие можни негативни последици барам за една од наредните седници да се достави преглед на сите пласирани средства по овој основ во последните три години со точните корисници на овие кредити на овие пласмани и намената и висината на средствата. Сметам дека на тој начин дека ова многу сериозна работа за која што гарант сме ние како Собрание, а преку нас државата ќе има и еден објективен критериум да можеме да имаме увид како понатаму банките ќе ги пласираат овие средства, затоа што со денешното донесување на одлука практично преземуените кредити се насочуваат кон комерцијалните банки а потоа практично нашето информирање и јавноста во сето тоа и очекуваните ефекти ние не можеме да ги следиме, а тоа значи не може да ги следи и јавноста.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господа пратеници, господа министри, почитуван претседател Европската банка доделува кредит на линија за развој на малите и средни претпријатија. Јас го поздравувам тој гест, тој договор, меѓутоа би сакал пред да гласам одредено појаснување.

Начинот на користењето на овој кредит, како што е презентирано, е во две транши односно во два временски периода. Првиот е кој помина и сега за 1997 година е вториот дел, втората транша која треба да се распореди.

Јас би сакал едно појаснување, затоа што во материјалот е објаснето дека Бордот на Европската банка одлучил да ја вклучи банката, која е сега како предлог да ја прифатиме како дистрибутер на

тие средства. Бидејќи Бордот на Европската банка тоа го направил јас би сакал појаснување зошто таа иста банка, или уште некој друг субјект не бил вклучен уште во првиот дел односно во првата транша за распределба на овие средства.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ**: потпретседател на Владата

Прво да појасниме една работа. Парите од оваа кредитна линија почнаа да се дистрибуираат т.е. да се доделуваат кредити минатата година според критериуми кои што се договорени меѓу банките кои што ги добија средствата и Европската банка врши контрола на тоа како се доделуваат средствата. Пред да се додели оваа кредитна линија банката испрати екипа која што ги посети другите банки во Македонија и утврди кој од нив исполнуваат критериуми да преку нив банката ги пласира парите. Зошто самата таа не ги пласира?

Се работи за средства кои. што се релативно мали, а бараат многу кадар кој што ќе работи на тоа. Банката не пласира кредити под 5 милиони долари. Заради тоа ваква линија - за мали и средни претпријатија редовно треба некој друг да ја пласира.

Бидејќи и банката и ние бевме согласни дека тоа не треба да биде државата единствен начин да не се растури или да не се растрои стопанството беше кредитите да се пласираат преку банкарскиот систем. Оттука во првиот дел добија одредена сума да доделат кредити банките кои што според критериумите на Европската банка се квалифицирани. Критериумите, некои од нив ги знам, тоа се: висината на капиталот, острученоста на луѓето, број на подружници, контакти, сигурноста, извештај на ревизионите претпријатија околу тоа како стојат банките и т.н.

Бидејќи беше ограничено само на 4 банки во првата транша Европската банка продолжува да ги студира и останатите банки и како

што доаѓа до сознание дека некоја од нив ги исполнува условите да се вклучи ни ја предлага, ако се согласиме тогаш вас ние ви предлагаме проширување на листата за банки за кои што се дава гаранции и се разбира обично следи зголемување на износот на кредитот кој што ќе се дозволи. Меѓутоа, практично ако смеам да се осврнам на ова - услови.

Услови особени нема, има забранети активности и според принципите на банката тоа се: не смее да се пласира таму каде што се произведува оружје, каде што се произведува тутун, каде што се произведува алкохол. Сите други индустрии можат да конкурираат и главен принцип е профитабилност или сигурноста на пласманот на средствата, а оценка на профитабилноста на проектите или сигурноста на пласманот на средствата прават нашите банки. За тоа е одржан еден семинар од 10 дена од Охрид, веројатно ќе се планира и втора сеанса на кое што и нашите банкари полека се обучуваат да почнат да даваат повеќе кредити врз основа на квалитетот на проектите, а помалку само врз база на тоа дали постои хипотека или не. Меѓутоа, ова е еден процес кој веројатно ќе трае подолго време, така што ние ќе имаме пак ваква точка на дневен ред. Јас се надевам за едно 5-6 месеци.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници немам ништо против предлогот за донесување на закон за давање гаранција на Република Македонија по договорот за заем за проектот кредитна линија за мали и средни претпријатија со Предлог на закон но по сугестија на некои членови на комисијата за економска политика и развој сакам да напоменам дека досегашната реализација на проектот за развој на мали и средни

претпријатија не задоволува бидејќи корисници, заемопримачи се четири банки, ги знаеме кои се. Јас имав поставено пратеничко прашање некаде во мај месец, добив одговор некаде средината на октомври месец па засега сеуште не сум имал шанса да поставам потпрашање по оваа работа, еве сега ја користам приликата по Законот за проширувањето на листата на заемопримачи да кажам дека по одговорот во октомври месец односно за една година овие четири заемопримачи, да речеме една банка, Македонска банка не доделила ниедна марка. Алмако банка доделила само 15% од земените пари. Јас мислам дека одговорноста лежи кај нас како пратеници кои го донесовме тој закон. Комисијата за економска политика и развој, исто така е одговорна за оваа работа, а мислам дека е одговорно и Владата и банките заемопримачи за овие кредити да бидат искористени наменски и да се направи навистина развој на малите и средни претпријатија бидејќи за тоа се наеменети. Ако за една година не се добијат пари, јас не знам некои од овие банки зошто не се изземени, да речеме Владата да предложеше сега некоја банка што не дава ниеден кредит за една година, не ги распоредила, а ги користи веројатно за свои потреби, не ги фрла сигурно, туку знае да ги користи за себе, меѓутоа, треба да ги користи за општеството, за стопанството. Ако не ги искористила за една година таа банка таа банка треба да се изземе. На таа банка не треба да и се дава понатаму. Таа банка треба да биде казнета на некој начин. Јас немам сомневање во новата банка, кредитно - извозна банка дека наменски ќе ги искористи, дека паметно ќе ги искористи на време, меѓутоа од искуството јас мислам дека треба да се преземе како што чувствуваме одговорност ние пратениците и комисиите да си земат и другите фактори што ги користат и распределуваат овие средства да бидат одговорни и да бидат за права- намена и да имаме корист од ова задолжување.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека ова е едно од сериозните прашања што нашата Влада ги предлага тука а ние како пратеници си ја преземаме најголемата одговорност со конечната одлука што треба да ја донесеме односно го донесуваме тој закон и пред нашите избирачи, односно пред граѓаните ние сме и најодговорни за ова денеска што го носиме, бидејќи навистина јас како пратеник ја преземам улогата и пренесувам некои обврски кои на крај краишта граѓаните ми ги дале како избирачи за пратеник.

Јас не случајно излегов. Добив еден материјал од Светската банка во кој пишува конкретно дека оваа држава досега се задолжила со 240 милиони долари по разни основи, разни кредитни линии кои ги добива државата. Сметам дека е позитивно да се земат кредити, заради тоа што мора да се поттикне нашето стопанство заради развојот, меѓутоа ме плаши темпото на задолжувањето кое сега го правиме, бидејќи исто така во тој материјал пишува дека ќе се задолжиме уште со 110 милиони долари. Тоа значи дека веќе во текот на оваа година оваа мала држава се задолжува со 350 милиони долари, а интенција е уште понатаму да се задолжуваме, нормално за репрограмирање и т.н. и т.н. Имам впечаток дека до крајот на оваа година можеби ќе побараме околу пола милијарда долари што би се задолжила државата. Сметам дека тука е еден сериозен проблем.

Во контактите со граѓаните мислам дека при користење на овие кредити, јавноста многу малку е запознаена. Многу е затворено користењето на овие кредити и доаѓа во ситуација дури и јас како пратеник да не сум доволно информиран на кој начин, каде како, преку кои критериуми можат да се користат овие кредити и што е најбитно како граѓанинот да дојде до овој кредит. Има озборувања во рамките на

средината од која доаѓам дека ваквите кредити ги земаат едни исти претпријатија кои немаат јавен отчет дури немаат ни квалитетна програма во однос на користењето на тоа.

Има и озборувања дека банките кои треба да ја нудат оваа услуга ги условуваат граѓаните кои треба да земат кредит дека Програмата која треба да ја направи во однос на она што значи подобрување на технологијата и т.н. бидејќи програмата е многу битна е врзана за службата во банката и таа треба да наплати толку и толку пари за да може тоа да се реализира. Така во тој дел мислам дека има една сериозна реакција од нашите граѓаните и добро е соодветните министерства тоа да го имаат во предвид во случај да нема злоупотреба на овие кредити, бидејќи кредитите јас единствено го сфаќам дека до 2060 година, нашите деца можеби треба да ги отплаќаат овие кредити како што сега ние како генерација дојдовме во позиција да ги отплаќаме оние кредити што биле земени пред 20 односно 30 години. Така да апелирам до Владата да бидеме што повнимателни во користењето на кредитите и банките да не се доведуваат во ситуација да имаат банкарски капитал, некоја маржа, која ќе влијае многу негативно врз севкупното дистрибуирање на овие кредити.

Инаку, во принцип го прифаќам овој закон, меѓутоа ние ќе носиме сигурно уште други закони кои се во оваа функција. Во тој дел апелирам сепак банките да бидат појавни, ако треба да се искористат и овие наши извонредни средства за информирање, телевизии така да граѓаните не лутаат и знаат каде да се обратат на кој начин да се обратат, претходни критериуми со единствена цел да немаме одредени проблеми во нивното користење.

II/1.-ДВ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот за финансии при Владата на Република Македонија, господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Само уште едно дообјаснување, господа пратеници.

Потпретседателот Миљовски објасни за логиката и начинот на функционирање на кредитната линија од Европската банка за обнова и развој, а врзана за поттикнување на развојот на малите и средни претпријатија во Република Македонија.

Во што е суштината на измената на законот и каде сега настануваат определени проблеми?

Точно е дека ние не ја имавме динамиката на користење на овие средства онаква каква што мислевме дека ќе биде. Меѓутоа, различна е, очигледно, состојбата кај различни банки. Стопанска банка има извонредно добра, би рекол, динамика на искористување на овие средства, што е и нормално и сфатливо, бидејќи во таа банка има концентрација на кадар и тие можат да направат побрзо добри програми, да ги проверат тие програми, да ја проверат економската ефикасност на програмите и да ги достават на одлучување во Европската банка, односно да ги повлечат од Европската банка и да станат ефективни. Значи, со Стопанска банка немавме никакви особени проблеми.

Работата одеше побавно кај "Алмакобанка", како што кажа пратеникот Пецов и"Македонска банка". Меѓутоа ако погледате сега во Предлог-законот што го нудиме, втората транша што треба допрва да дојде, тоа се дополнителни 10 милиони, се даваат на оние банки кои покажаа добра динамика во исполнување и реализација на линијата. Тоа во прв ред е Стопанска банка. Очигледно таму не се наоѓа ни Алмако

банка ниту Македонска банка, бидејќи ние не сме задоволни од брзината и динамиката како тие ги користеле средствата.

Меѓутоа ние тука треба да кажеме и еден друг момент. Имено не е точно тврдењето дека банките тие средства ги имаат па ги вртат и ги користат за други цели. Средствата се повлекуваат од Европската банка тогаш кога проектот ќе помине, кога ќе биде во ред. Според тоа не се дојдени средствата па банките да ги користат за нивни сопствени цели, да не ги даваат на претприемачите. Проблемот е во тоа што таму потешко оди оценката на проектите што се врзани за инвестираше. Затоа не се во втората транша ниту Македонска банка ниту Алмако банка. Тука вклучуваме една дополнителна банка, а Стопанска банка и другата банка си остануваат. Тоа е суштината. И во тој контекст ние за да ја забрзаме ефикасноста на користење на средствата го правиме и ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот - Кредитна линија за мали и средни претпријатија.

Кој е за, молам да крене рака? (79 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (79 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 за бришење на член 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака(82 пратеника).

Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за Проектот - Кредитна линија за мали и средни претпријатија.

Минуваме на **точка 2** - Предлог за донесување на закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски во Скопје", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Софија Тодорова, министер за образование при Владата на Република Македонија.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Иако законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје е кус и по својата содржина релативно едноставен, поради неговото значење, реакциите и дилемите што ги предизвика во јавноста, а беа присутни и во расправата на собраниските комисии, дозволете ми да укажам, пред се, на паричната за донесување и целта што треба да се оствари со овој закон, како и на некои нормативно - правни аспекти.

Во настојувањето да се обезбеди нормативна рамка за функционирањето на системот на образование, во согласност со актуелните состојби, а особено за реализација на значајните и многу аспекти промени во оваа сфера, донесен е Законот за основно образование и Законот за средно образование.

Иако постапката е веќе започната, сеуште не е донесен законот за високото образование. Станува збор за закон кој уредува сложен комплекс на прашања кои се однесуваат на основањето и вршењето на дејноста, функционирањето, финансирањето, воспоставување на оптимална релација помеѓу автономноста на Универзитетот и остварувањето на јавниот интерес на државата и ред други прашања.

Во тек се дополнителни согледувања на решенијата содржани во законот, од аспект на нивната комуникација со меѓународните норми и стандарди кои се однесуваат на оваа област, За таа цел се очекува набрзо да престојува и експертска мисија на Советот на Европа каде

законот е веќе доставен. Владата, се разбира, ќе настојува овој закон што побрзо да се најде на дневен ред и пред Парламентот

Факт е дека отсуството на соодветна законска регулатива условува определени статусни и функционални проблеми кај високо- образовните институции, но и проблеми во остварувањето на јавниот интерес во оваа сфера. Но, факт е, исто така дека кај одделни институции по одделни прашања практиката е чекор понапред од законската норма. Акцептирани посоодветни решенија во однос на некои од застарените и надживеани законски одредби. Таков е случајот и со прашањето на јазиците на кои се изведува наставата во едуцирањето на кадри за предучилишно воспитание и основно образование на Педагошкиот факултет во Скопје, наспроти одредбата во Законот за насочено образование според која наставата на високообразовните организации се изведува на македонски јазик. Како резултат на реалните потреби, почитувањето на повеќе деценискаta традиција на меѓународните норми и стандарди и политиката на Владата и усвоените документи од Универзитетот "Кирил и Методиј" од Скопје, наставата на Педагошкиот факултет во Скопје по одделни предмети, покрај на македонски се изведува и на јазиците на националностите. Но, поради значењето и политичката сензитивност на прашањето за образованието на припадниците на националностите на својот јазик, како и поради реалните проблеми во реализацијата на наставата, покрај дру ото и поради тоа што оваа учебна година намален е бројот на пред- мети за кои наставата се изведува на јазиците на националностите, Владата предлага, во отсуство на законот за високо образование, прашањето на јазиците на кој ќе се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје, да се уреди со посебен закон.

Факт е дека со овој закон не ги уредуваме интегрално прашањата од сферата на високото образование, што беше и најчесто упатувана

критичка забелешка на законот во комисиските расправи. Но, со него се создава правен основ за реализација на дејностите на Педагошката академија и совладување, се разбира во објективно можна мера на проблемите со кои се соочува оваа високообразовна установа која во просторот меѓу постојната законска регулатива, усвоените документи на Универзитетот, политиката на Владата изразена низ одлуки и решенија на надлежното министерство, се определи за сопствена политика, за прашање од јавен интерес и за прашање кое има пошироко значење.

Од формално правен аспект ваков приод на законско регулирање на функционален или институционален дел на определена сфера, или систем е позната и практикувана работа. Да потсетам само дека до неодамна имавме и посебен закон за Медицинскиот факултет, во тој случај неопходен заради потребата од регулирање на дејноста, а во овој случај за регулирање на прашањето на јазиците на кој ќе се изведува наставата.

Почитувани пратеници,

Би укажала на неколку значајни аргументи кои говорат во прилог на донесување на овој закон.

1. Постои нагласена потреба за едукација на кадар за пред-училишните установи и за одделенска настава во основното образование каде наставата се изведува на јазиците на националностите.

Сегашниот пресек на состојбата укажува на опфат од близу 44 илјади ученици од I до IV одделение кои распоредени во над 1.700 паралелки наставата ја следат на еден од јазиците на националностите. Притоа значајно е да се укаже на фактот дека станува збор за задолжително образование и дека тоа се реализира исклучиво во јавни училишта чии основач е државата, за разлика од можноста предвидена

со Устав, за формирање и на приватни образовни установи во други степени на образование. Оттаму во логичниот свет на констатации треба да се вклучи обврска за создавање на неопходни претпоставки меѓу кои, или пред се кадровски, за успешно и квалитетно реализирање на процесот на воспитание и образование на оваа популација. И, се разбира, единствено прифатлива варијанта е продукцијата на овој профил на кадар да се реализира во институциите на образовниот систем.

Кога станува збор за едукација на кадар за воспитно - образовна работа со најмладата популација, нагласена е потребата категоријално терминолошкиот систем и воопшто системот на знаења од одделни предмети застапени во наставниот план да се усвојува на јазик на кој тие знаења треба да се пренесуваат. Тоа несомнено ќе има позитивна рефлексија врз квалитетот на наставата.

2. Треба посебна нагласка да се стави на фактот дека не станува збор за воведување на нешто ново во системот на образование во Републиката, за воведување на досега непрактицирано право за едукација на наставнички кадар на јазиците на националностите. Напротив имаме повеќедецениска традиција и искуство во реализација на оваа дејност.

Имено, на поранешната Педагошка академија, почнувајќи од учебната 1996/67 година до учебната 1986/87, на студиските групи за двопредметна настава, како и на групата за одделенска настава, покрај на македонски, наставата се одвиваше и на јазиците на националностите, поточно на албански јазик, без малку на сите студиски групи и на турски јазик по одделни наставни предмети за кои беше обезбеден соодветен наставен кадар.

II/8.-

Со идеолошко политичка и правна аргументација, повеќе со идеолошко политичка отколку правна, укинати се најнапред двопредметните студии, а потоа и одделенската настава на јазиците на националностите. Значи станува збор за стекнато и за практикувано право.

Со Одлука на Советот на Педагошката академија во Скопје од 1994 година и дадена согласност од Министерството за образование и физичка култура повторно се организираат студии за едукација на воспитувачки и наставнички кадар за одделенска настава, покрај на македонски јазик и на јазиците на националностите. Со прераснувањето на двогодишните во четворогодишни студии, наставата продолжува да се реализира и на Педагошкиот факултет во Скопје и тоа покрај по методиките и по одделни општообразовни, општо стручни и стручни предмети, што ќе рече дека не станува збор само за практикувано право во изминатиот период, туку и за актуелна реалност. Оттаму донесувањето на овој закон ќе значи создавање на нормативно правна рамка која го следи направениот исчекор во практиката и верувам ќе го стесни просторот за непредвидливи и неприфатливи промени во тековната реализација на оваа дејност како можен генератор на проблеми и недоразбирања од образовна природа на теренот, но и на теренот на меѓунационалните односи.

3. Како составка на Меѓународната заедница, член на низа меѓународни организации и институции за Република Македонија од особено значење е да воспоставува успешна комуникација на правото и практиката во земјата со меѓународните норми и стандарди кои се однесуваат на образованието, посебно од аспект на правата на националностите, најчесто ситуирани во меѓународните инструменти, конвенции, повелби и др.

Пред Меѓународната заедница ние веќе настапуваме со легитимација за почитување на високи меѓународни стандарди во сферата на образованието. И овој закон е прилог во настојувањето да не се остане само на нивно нормативно етаблирање во правниот систем, туку и за создавање на квалитетни, во овој случај кадровски претпоставки за нивно применување во практиката.

Пред Парламентот набргу ќе се најдат неколку значајни конвенции на Советот на Европа кои покрај другото го третираат и прашањето на образованието на малцинствата. По нивното ратификување тие ќе имаат правно обврзувачко дејство и ќе бидат дел од матрицата на внатрешниот правен поредок. За нивното практицирање воспоставени се мониторинг системи и редовни контролни механизми. Значи, нема апсолутен суверенитет на меѓународно интегрираните држави, особено од аспект за почитување на граѓанските права и правата на националните малцинства.

4. Поаѓајќи од целта што треба да се постигне, предложениот закон претставува уште еден елемент во принципиелната политика на Република Македонија по прашањето на меѓунационалните односи, која веќе се потврди како еден од основните столбови на внатрешната стабилност. Темелни одредници на таквата политика се, од една страна градење на односи на меѓунационална толеранција, разбирање и почитување, создавање на нормативна рамка и реални услови за негување и развивање на националниот идентитет, а од друга страна обезбедување на што повисок степен на интеграција на припадниците на националностите во сите сфери од општественото живеење, како рамноправни граѓани на Република Македонија. Почитувањето на овие одредници на теренот на образованието претпоставува обезбедување на образование на припадниците на националностите на мајчин јазик во

нашиот систем политика и практика, тоа е на ниво на предучилишно основно и средно образование, но исклучува постоење на паралелен и целосно затворен систем на образование врз етнички основи, исклучува паралелна мрежа на високообразовни институции во кои наставата би се изведувала на јазиците на националностите.

Околу уставната заснованост на предложениот закон.

Иако дефинитивен суд за усогласеноста на законите со Уставот е исклучиво во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија, Владата на Република Македонија како предлагач на законот, се разбира, посебно настојуваше да се почитува духот и словото на правниот акт со највисок ранг на значење во правниот поредок.

III/1 СП/ПН

**СОФИЈА ТОДОРОВА**: (Продолжение)

Иако е можно, повикување и на други членови од Уставот, Законот, пред с§, се потпира и е во функција на операционализација на членот 48, став 4 од Уставот на РМ, а станува збор не за декларативна норма, туку за норма која реално се остварува со организирање на настава на припадниците на националностите во основното и средното образование.

Предложениот текст на законот е во функција на создавање на реални претпоставки за остварување на ова конституционално право.

Почитувани пратеници, иако законот соодветствува на една високо образовна институција од материјален аспект се сведува, пред се на прашањето на јазикот на кој се изведува наставата. тој посредно или непосредно допира многу други прашања и подрачја не само од образовна природа, туку и од политичка, прашања од меѓунационалните односи, меѓународните норми и стандарди, поради што е можно да се приопштат и ред други аргументи во прилог на потребата од неговото донесување. Верувам дека на такви аргументи ќе се укаже и во расправата.

На крајот дозволете ми да го изразам своето верување и надеж дека поаѓајќи од сопственото убедување, но и од делумно изнесените причини поради кои Владата го предложи овој закон, вашиот однос, почитувани пратеници, кон законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје ќе го изразите со негова поддршка.

Благодарам за вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Абдурауф Пруси.

III/2

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Еден сум од иницијаторите за основање на Педагошкиот факултет во Скопје преку Унијата на албанската интелигенција уште во 1991 година.

Оваа иницијатива, пред се, беше како изразена голема потреба до наставнички кадар во предучилишното, основното и средното образование за училиштата на албански јазик кои подолг временски период се среќаваат со проблемот на квалификуван кадар. Овој недостиг кој ќе се изрази во 80-тите години кога со фамозните идејно - политички диференцијации во тоа време на се што беше албанско стотици и стотици наставници просто беа избркани од тогашните албански училишта, а се со цел за создавање на без-перспективност и дефетизам кај албанското население. Јасно дека ова се спроведуваше преку тогашните слуги на Белград во РМ, кои на еден на друг начин заземаа високи функции во државните органи во нашата Република.

Освен ова, во тоа време се затворија речиси сите средни училишта во РМ, како и единствениот извор на училиштен наставен кадар Педагошката академија. Затоа иницијативата на албанската интелигенција по демократизацијата на односите во РМ беше создавање услови за враќање на состојбите од пред 80-тите години. Беше подготвен елаборат за Педагошки факултет и доставен до соодветните заинтересирани институции, како што е Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", така и Министерството за образование, а спроведувањето на оваа идеја понатаму требаше да се оствари не само преку политичкиот

субјект, туку и преку горе споменатите институции. Елаборатот за основање на Педагошки факултет од страна на македонскиот политички субјект и заинтересираните институции беше прифатен како добра идеја, меѓутоа, неговото спроведување до денешен ден никако да се оствари. Во контекст на ова сакам да го спомнам говорот на претседателот Глигоров, кога пред нас пратениците во Парламентарното Собрание на Советот на Европа во јуни 1996 година во својот говор истакна дека во РМ за националностите за потребите на наставен кадар за основно и средно образование е организиран студиум преку Педагошкиот факултет. Иако знаев дека вакво нешто во РМ не постои сепак се радував на оваа изјава мислејќи дека барем од есен ќе профункционира една ваква институција. За жал тоа беше една обемна на пратениците на Советот на Европа, таква институција не профункционира од есен, туку и сегашното решение во законот што ни се дава опфаќа само еден сегмент, а тоа е одделенска настава, а за наставници по предметна настава во основните и средните училишта не станува збор.

Ако постојат основни и средни училишта за националностите, тогаш мора да се регрутира и кадар за тие училишта. Ако саскаме квалификуван и квалитетен кадар, тогаш тој кадар мора да се подготвува за настава на пример на албански јазик и на друг јазик на кој наставата треба да се изведува.

Не стојат тезите дека јазикот не треба да биде бариера, сигурно дека еден наставник кој завршува соодветно образование на албански јазик ќе биде многу поквалификуван да предава на албански јазик, отколку неговиот колега кој стекнал образование на некој друг јазик. Тоа

е главен аргумент за целосно изведување на наставата на овој факултет на јазикот на националноста за сите степени на образование и на сите предмети.

Иако е можеби досадно спомнувањето на членот 48 од Уставот на РМ тој, иако гарантира, образование на националностите на мајчин јазик за основно и средно образование, тоа не значи дека државата со посебни законски акти не може да го издигне и до високото образование, што за жал, злонамерните го толкуваат не дај боже, како забрана на такво нешто.

Колку да сакам да бидам реален и рационален, сепак според моите убедувања не можам да ја сфатам аверзијата на луѓето кон еден јазик или кон едно образование. Не можам да сфатам дека еден Албанец, Турчин или било кој друг не може да го оствари своето образование во РМ на свој мајчин јазик во сите степени ако за тоа ги задоволува критериумите што ги бара законот за образование, што се подразбира истото не можам да го сфатам да еден Македонец, Грк или било кој друг не може да го оствари своето право на образование на својот мајчин јазик во сите степени да речеме во Албанија или било која друга земја во светот.

Одговорно тврдам дека најголемиот дел од македонската интелигенција го дели ова мое мислење. Исто така верувам и убеден сум дека кај најголемиот број на младите во оваа Република чувството на демократичност, взаемно почитување и комуницирање, толеранција и соживот е развиено на едно доста високо ниво. Сигурно дек образованиот Албанец е многу покорисен за оваа Република до необразованиот. Затоа треба да се создадат сите предуслови за негово

образование на сите степени на образование подразбирајќи го тука и инситуционализирањето на тетовскиот универзитет. Сигурно е дека овие предуслови не можат да се создадат со парцијални решенија, туку со донесуваше на Законот аз високо образование и тоа во најкус можен рок.

Решенијата што ги дава овој закон што е денеска на дневен ред, чекорот што го прави во оваа насока не ги задоволува ни приближно потребите на албанците во РМ. Сакам да кажам уште нешто. Зачудува фактот што оние кои го бараа донесувањето на овој закон, пред се, мислам на раководството на Педагошкиот факултет, сега едноставно застануваат против него, односно против донесување на еден ваков закон. Само се прашувам по кои законски решенија е востановен Сенатот на Универзитетот? Дали тоа значи дека овој орган на Универзитетот е незаконски востановен. Дали одлуките кои ги донесува овој орган се незаконски? Затоа сакам да ги прашам оние што се повикуваат на законот, како што е конкретното раководство на Педагошкиот факултет и другите институции, па може да се земе и Сенатот на Универзитетот дали не им пречи нелегалната работа на еден ваков орган на Универзитетот. Сигурно дека причините кои доведоа до вакво однесување на доредени институции во државата против образованието на Албанците на свој мајчин јазик и во високото образование, треба да се бараат на друго место, а не само во политиката.

Да напоменам уште дека не остана претставник на било која Европска институција кој ја посети РМ без да укаже дека проблемите со високото образование на Албанците во оваа Република мора да се

решат во што покус временски рок. Тврдоглавото однесување на надлежните институции кон бавно решавање на овој проблем само што повеќе ги искалира проблемите од оваа сфера. Затоа предлагам овие проблеми да се решат сеопфатно со законот за високото образование, а не со парцијални решенија кои ги предлага овој закон денеска.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, дозволете ми дури на почетокот на моето излагање да нагласам дека предложениот закон не претставува правна рамка за решавање на проблемите од сферата на високото образование во РМ.

Се работи за доста чувствително и сериозно прашање и како такво заслужува поголемо внимание и со една стручна и професионална анализа би требало да се најде законска формула која ќе претставува целосно решение на сите проблеми од оваа област. Тоа може да се оствари со донесување на закон за високо образование со кој закон очекувам глобално решение за сите отворени проблеми, а вклучувајќи го тука и тетовскиот универзитет, кој по секоја мера треба да се институционализира.

Предложениот закон од страна на Владата е политички закон и не е закон со кој можат да се решаваат натрупаните проблеми во овој систем на образование. Владата и ресорното министерство со овој

законски акт, дефакто, сакаат да создадат услови за организирање и изведување на наставата на јазиците на националностите на постојниот Педагошки факултет во Скопје кој подготвува кадри за предучилишна и одделенска настава. Но, господа, сакате да ги амортизирате реалните потреби за високото образование на албанскиот народ во оваа република со единствена намера за да се избегне на еден перфиден начин и со една добро измислена елеганција од реалните решенија на овој проблем како што е во конкретниот случај статусот на тетовскиот универзитет и неговото признавање.

Јас сметам дека друга алтернатива нема, секое друго пазарење било со кого во врска со овој проблем претставува опструкција и излегување од обврските кои се облигаторни за оваа Влада.

Господа пратеници, образованието почнувајќи од основното па се до високото е потребно за секој граѓанин на оваа земја, и како таков треба да му биде достапен на сите граѓани. Мислам дека е ред да сфатите сите пратеници од овој законодавен дом затоа што неопходно се наложува потребата за комплетно решавање на овој проблем, а тоа ќе биде остварено исклучиво со вклучување на тетовскиот универзитет во рамките на системот кој претставува траен и фундаментален придонес за мир и стабилност во оваа држава. Бидејќи преку овој научен проект се идентификува целата наша иднина.

Господа, се наоѓаме на прагот на XX1-от век, замислете колку е скандалозно да им се одземе природното право на високо образование на Албанците кои сочинуваат 1/3 од целокупната популација на оваа

држава. Бидејќи во суштина законскиот проект за кои расправаме денеска не содржи елементи со кои може да се промени лошата состојба во оваа сфера. Токму поради овие причини би требало, господа, сами да сфатите дека прашањето кое претставува фундамент за едно граѓанско општество не можат со опструкција да се надминат. Но, ќе се надминат со вистинско решение. Проблемите од оваа природасне се надминуваат со осакатени закони кои претставуваат своевиден преседан. Во ова време на транзиција и високото образование заслужува свое мериторно место во политичкиот систем на државата, како еден корпус за развој на демократските процеси и како императив на времето во кое живееме. Се наметнува потребата за изнаоѓаше излез од оваа хаотична состојба што ја поплави и РМ што е резултат на лошата политика предводена од државните органи поготово кога се во прашање нашите интереси.

Без решавање на албанското прашање како што е јазикот, образованието, Македонија секогаш ќе биде во офсајд за многу работи кои претставуваат перспектива за оваа земја. На тетовскиот универзитет моментално студираат 2.500 студенти, а не 150, како што беше изјавата на г-ѓата Елизабет Рен, добиени до државните органи. Овие 2.50 0 студенти сите се граѓани на оваа држава. Зошто Владата и сите други органи го премолчуваат овој проблем, зошто до сега не постоела никаква добра волја за да се реши статусот на оваа високо образовна институција која не претставува никаков ризик за Македонија. Македонија ќе биде ризикувана токму од оние шовинистички сили кои сакаат и понатаму да ја чувствуваат Македонија како држава исклучиво на македонците, и тоа повикувајќи се на Уставот што претставува своевиден апсурд, и никогаш не може да биде прифатено за Албанците.

Сметам дека доста сме биле толерантни за многу работи, секоја толеранција има свој крај. Ние, господа сме принудени да го браниме нашиот национален идентитет кој е тесно поврзан со развојот на културата, јазикот и образованието.

Со овој законски акт, ќе се реши само еден сегмент на проблемот, ќе се реши проблемот на 236 студенти Албанци на Педагошкиот факултет во Скопје. Законот, во суштина, има своја политичка позадина, бидејќи целата игра е режирана за да се изманипулира меѓународниот фактор со единствена причина за да се маргинализираат реалните потреби во сферата на високото образование на албански јазик.

**ХИСНИ ШАКИРИ**: ( Продолжение)

Идејата за овој законски проект е добро обработена од паметни глави, можеби токму од оние универзитетски професори кои деновиве протестирале заедно со своите студенти против донесување на овој закон. Господа во политиката се што може да се случи. Но студентите да протестираат заедно со професорите против своите колеги преставува случај бес преседант и не може со ништо да се оправдува и нема никаков резон и е надвор од сите светски цивилизациски норми и нема ништо заедничко со етничкиот морал на човекот, бидејќи вакви работи не се случија ни во почетокот во фазата на феудализмот, како еден од најпримитивните општества, но во оваа мала земја албанофобиските апетити се толку големи можеби ќе ја зафатат и цела Европа како индиски ураган, бидејќи толку врева да се прави за еден ваков закон кој за мене е само е дна крпеница, а всушност ништо не може д придонесува кон решавањето на проблемите господа уште еднаш ќе повторам, проблемот во Република Македонија за високото образование ќе се реши само со признавање на тетовскиот универзитет. Владата како одговорна и сите други компетентни органи им должат многу на оние 2500 студенти кои студираат на тетовскиот универзитет. Не е фер господа да се играте со нивната судбина, а во оваа држава тоа се случи.

На крај нагласувам дека предложениот закон нема да го прифатам и нема да гласам.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Господин претседателе, госпоѓо министерка и господа министри, госпоѓи пратеници и господа пратеници, чувме некои доста важни работи и јас се надевав дека ќе чуеме уште нешто и не се надевам дека ќе се повториме.

IV/2.-

Предложениот закон мислам дека ние можеме, односно дека не можеме, а пак уште помалку смееме да расправаме за овој предлог закон, за Педагошкиот факултет надвор од овие околности кои веќе постојат. Тие околности се во видлива степен драматизирани. Драматизмот се состои во тоа што веќе значајни и уште квалификувани сегменти од јавното мнение , како на пример Студентската организација, Сенатот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", сега и двајца пратеници ја оспорија потребата , или поточно кажано начинот на кој се уредуваат односи во дел од високото образование. Тие ја оспорија и ја оспоруваат таквата потреба во еден како што реков, драматичен начин. За тоа постои писмен документ доставен до сите пратеници на овој Парламент. Зошто не можеме да расправаме за предметниот предлог надвор од тој веќе фактички контекст. Не можеме затоа што тој контекст, таков како што е, бара од нас соодветен, квалификуван и пред се, продуктивен одговор. Таков одговор кој ќе произведе мирна, а не уште по заострена драматична клима. Во зависност од тоа каков ќе биде нашиот договор ние можеме да се надеваме, или за нов заострено драматичен развој на настаните во кои како и во секој драматизам страстите играат главна улога, или пак мирна и продуктивна атмосфера во која како и во секоја продукција разумот и разумноста играат главна улога. Зошто исто така не смееме да расправаме за предметниот предлог надвор од назначениот контекст. Не смееме затоа што во животот и согласно со тоа во политичкиот живот или се е важно , или пак ништо не е важно. Јас сум склон да мислам дека навистина во животот и согласност со тоа во политиката важно е се. Ако сум склон така да мислам, тогаш сум должен и да кажам: важно е тоа што мислат студентите кои протестираат, важно е тоа што го мисли Универзитетскиот Сенат кој има ставови и кој ги доставува до Парламентот, важно е тука што мисли секој пратеник, како важна реакцијата на јавното мнение , која или се согласува со предлогот

на овој закон, или делумно се согласува, или воопшто не се согласува. Затоа што мислам дека постои таква важност, секоја расправа по Предлогот закон за Педагошкиот факултет надвор од таа важност не би била според мене реална. Напротив, секоја расправа би била игнорантска. Од друга страна со сме добро се знае дека само некоја реална расправа може да се надева на исход и со позитивни ефекти, а не некоја или било која игнорантска расправа. Така е, затоа што здравиот разум ни вели дека со тоа што ќе се игнорираат некои околности или факти, такви факти што имаат своја неоспорна очигледност не се постига да се укинат, или просто да не постојат тие околности или факти. Токму тоа се причините уважени пратеници, кои ме присилуваат, изјаснувајќи се за еден пред- лог закон на Владата да се изјаснувам и за контекстот во кој или ќе се прифати, или ќе се отфрли тој предлог на Владата. Пред да го сторам тоа, дозволете да потсетам за нешто, за које сметам дека има особена важност и особена тежина. Сметам за потребно да потсетувам на тоа нешто кое има особена важност и особена тежина, затоа што се што уследи и се што се произведе во јавноста како контекст на овој Предлог закон е, ќе се осмелам да кажам, во една за мене неочекувана, но затоа пак видлива и дури изострена контрадикција со тоа нешто кое според моето скромно мислење има особена важност и особена тежина. Неопходно е тука да додадам, пак според моето скромно мислење таа контрадикција е многу повеќе плод на спонтаност и многу помалку плод на смислен и планиран гест. Природата на таа контрадикција што ја опишав како спонтана, а не како планирана и смислена мене ми дава надеж дека и во овие околности стилот на стрпливи и толерантни разјаснувања би можел да биде многу покорисен отколку стилот на острастени манихејски сепарации на уставобранители и уставорушители.

IV/4.-

Конечно во животот ништо не е само црно и ништо не е само бело и конечно никогаш во животот правдата и вистината не се и не мож- ат да бидат само на една страна и единствена страна. Сега ќе го именувам тоа нешто за кое кажав дека има особена важност и особена тежина, а со кое по моја проценка на спонтан начин, иако не очекуван се конфортираат сегашните околности, или сегашниот контекст. Името на тоа нешто е начелото исто не е решено еднаш за секогаш. Тоа начело го соопшти во своето предновогодишно обраќање во Парламентот г-динот Киро Глигоров, претседател на Република Македонија. Тој го соопшти то аначело како поента на својот опис на меѓународната полож- ба на Македонија и тоа во околности и окружување такви какви што се. Ке се обидам да покажам сега по кој начин начелото ништо не е решено еднаш за секо.гаш има иста важност и за околностите, односно во кон- текстот во кој ние расправаме за Предлог законот за Дедагошкиот факул- тет во Скопје.

Начелото ништо не е решено еднаш за секогаш по својата природа е универзално. Затоа и може да се споредува тоа начело со како што е познато моралните начела или со таканаречените категорички императиви кои се исто така универзални по карактер. Ако се каже на пример дека исказот ^никогаш не вели никогаш"е начело на политиката . Дека исказот :"љуби го ближниот свој како што се љуби самиот себе" е начело на етиката, дека исказот:"ништо не е решено еднаш за секогаш" е начело на искуството, односно на разумот, или стручно кажано едно гноселошко начело, тогаш се кажува истовремено дека тие начела имаат една заедничка црта. Таа заедничка црта ќе се определи како црта на универзалност, или категорички императив, како што се вели тоа во традицијата на кантијанската филозофија. Веќе тоа допушта да се каже дека начелото:"ништо не е решено еднаш за секогаш" ја вклучува во

себе си и оваа конкретна ситуација, а имено ситуација во која Владата предлага закон за Педагошка академија, кој како Предлог доби контекст кој веќе го опишав. Ако го вклучуваа, тогаш сум должен да го образложам врз основ ана што мислам дека тој контекст се конфронтира со начелото: "ништо не е решава еднаш за секогаш" како што кажав веќе. За да го покажам тоа ќе се задржам само на документот кој ни го достави нам Универзитетскиот Сенат, во чија компетенција и добронамерност ни најмалку не се сомневам. Ни најмалку не се сомневам иако најчесто на синтагмата добри намери , реагирам со една португалска поговорка која гласи: "Патот до пеколот е поплочен со добри намери". Се задржувам само на тој документ, затоа што тој ги изразува и ставовите на студентите кои на манефестантен начин го искажаа своето несогласување со Предлог законот на Владата и ставовите на органот кој го претставува Скопскиот Универзитет. Се надевам дека не грешам, ако речам дека Владата и Универзитетот се разидуваат по една клучна точка. Владата тргнува од една конкретна ситуација во која постои конкретен проблем кој сака да го реши на конкретен начин со инстументи кои се во нејзина компетенција. Универзитетскиот Сенат мисли дека тој предлог за конкретно решенија истапува од основниот концепт со кој е образован Педагош-иот факултет, се разбира образован од истиот орган, т.е од сенатот на Универзитетот. Мисли натаму дека тоа конкретно решение е цитирам "парцијално закононско регулирање на дејности од областа на високото образование" и затоа повторно цитирам " инсистира веднаш да се реализира уставната одредба за донесување на закон за високо образование" затворен цитат.

За љубов на вистината треба да се каже: Универзитетскиот Сенат е во право кога мисли дека законска регулација на односите во една

универзитетска единица е парцијално решение , на спрема законот за високото образование кое би било глобално или тотално решение, иако тој збор глобално или тотално , ниту пак неговиот македонски еквивалент целосно никаде не се употребува во документот на Сенатот. Јас не мислам дека отсуството на тој збор е случајност или обичен пропуст. Таква случајност и таков пропуст се исклучуваат, затоа што Универзитетскиот совет е составен од големи и угледни наставно и научни авторитети. Затоа што категоријата тотално или глобално носи некои други обврски за кои се свесни луѓе со далеку помали квалификации и компетенции во споредба со луѓе од највисок наставен научен ранг и углед. Јас мислам дека зборот тотално или глобално се испушта од нужност. Со тоа што не се користи логичкиот поларитет, тотално решение, или глобално решение, како позитивна алтернатива на негативот парцијално решение, со кое се карактеризира природата на законот кој го предлага Владата се избегнува нешто кое не може да се избегне. Се избегнува да се каже дека по дефиниција секоје парцијално решение е лошо решение, а секое тотално или глобално решение е добро решение, затоа што поларитетна семантичка алтернатива на парцијално можно може да биде може да биде само тотална или глобална, односно целосно кажано на македонски јазик. Зошто,ако е допуштен од а се изразам сликовито, Универзитетскиот сенат се плаши од употребата на зборот тотално , како : "ѓаволот од темјан" кога веќе не можел, а да не ја употреби квалификацијата парцијално односно законот кој го предлага Владата.

Универзитетскиот сенат се плаши од употребата на квалификативот тотално затоа што и законот за високото образование е еден парцијален закон по однос на корпусот системски закони. Затоа што тој корпус системски закони е парцијален по однос на еден поголем систем како основен, а тоа е Уставот на Република Македонија. Затоа што тој

Устав на Република Македонија по нужност кореспондираа со достигањата на европската традиција и од таа перспектива тој е парцијален, затоа што таа европска традиција влегува во еден поширок систем кој се вика цивилизациски достигања и од таа перспектива тоа е парцијална традиција. Мене ми е наполно јасно дека. сето тоа му е наполно јасно на Универзитетскиот сенат. Мене ми е наполно јасно дека со тоа што не се користи квалификацијата тотално или глобално , како позитивна алтернатива на квалификацијата парцијално, не се поништува тоа што се подразбира, или стручно кажано не се поништува нејзината импликација, ниту помислувам , ниту пак смеам да помислам дека таа проста логика е превидена од луѓе со највисоки можни квалификации, какви што се луѓето кои го составуваат Универзитетскиот сенат. Ако сето тоа е исклучено, тогаш во што е проблемот, или популарно речено: "каде лежи зајакот". Проблемот е според моето скромно мислење во тоа што тој документ кој ни го доставува Универзитетскиот сенат повлекува имплицитен знак на еднаквост меѓу квалификацијата парцијално и лошо, од една, и квалификацијата тотално или глобално и добро од друга страна, иако како што кажав веќе квалификацијата тотално или глобално не се користи во изречна форма во документот на сенатот. Јас сум наполно согласен со Универзитетскиот сенат кога тврди дека Законот на Владата е парцијален инструмент кој решава, или поточно сака да решава конкретно прашање, во конкретен домен, на еден конкретен животен и политички амбиент, но затоа пак не можам да се согласам со импликацијата дека овој и доследно на тоа секој парцијален инструмент е автоматски лош иснтрумент, а секој тотален или глобален инструмент е автоматски добар инструмент, а во случајов добро законско решение. Не сум согласен за тоа што љубовта кон тотални решенија е господа пратеници, смртоносна љубов.

IV/8.

Тоталните решенија се тоталитарни , апсолутни решенија. Тие се вечни решенија, тие се решенија еднаш за секогаш. Такви решенија нема и не може да има , затоа што едно искуствоно начело со кое се послужи при друг повод и во други околности претседателот Глигоров ни вели: "ништо не е решено еднаш за секогаш". Напротив, се треба да се решава во конкретно време, во конкретни околности и на конкретен начин. На ова становиште може да му се упати ваков приговор. Ако и законот за високото образование е парцијален по однос на македонското законодавство, како што законот за Педагошкиот факултет е парцијален во однос на законот за високото образование, тогаш зошто се предлага уредување на една помала парцела, а се избегнува уредувањето на една далеку поголема и поважна парцела , како што е парцелата високо образование. За тој приговор , уважени пратеници нудам ваков одговор. Патот на решавањето на некои проблеми , не само во математиката туку и во животот оди од просто кон сложено. Од познато кон непознато. Од мало . кон крупно. Од конкретно кон апстрактно и т.н. Тоа значи дека секој позитивен исход бара своја позитивна процедура и своја позитивна енергија. Кога веќе ја употребив синтагмата позитивна енергија, која му ја должам на г-динот министер Слободан Унковски и тоа од времето кога не беше министер, ќе се осмелам да речам и нешто кое сите добро го знаеме, или пак само веруваме дека добро го знаеме. Ќе се осмелам да речам дека Законот за високото образование кој ја помина својата прва собраниска фаза, сеуште не е донесен не затоа што не сака Владата не затоа што не сака Парламентот, туку затоа што според моето скромно мислење, сеуште нема критичка маса од позитивна енергија. На тој закон и во таа парцела се вкрстуваат, се судираат и се поларизираат различни, често невозможни интереси. Потребно е да се артикулираат тие интереси и тоа по линија на можното, по линија на демократијата, по

IV/9.-

линија на човековите права според меѓународните стандарди, кои се исто така парцијални, а не тотални. По линија конечно на опстанокот и на напредокот на Македонија и тоа по разумна социјална, економска и енергетска цена.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ: (**продолжение)

Ако отпаѓа аргументот дека одлагањето на законот за високото образование е ситна и себична калкулација и на оваа Влада и на овој Парламент кој го прават тоа само за да се одржат што подолго на овие политички места што еднаш ги освоиле, тогаш има основа да се рече Предлог законот на Владата формулира конкретни решенија, во конкретни околности, за конкретна област затоа што постојат конкретни прашања што треба да се решаваат. Тоа не се спектакуларни решенија затоа што спектакуларни решенија се оние решенија кои се решенија еднаш за секогаш, а пак такви решенија ниту постоеле, ниту пак ќе постојат. Ни законот за високото образование како и секој закон впрочем нема и не може да понуди некој спектакуларни решенија, тука меѓу другото и поради следново.

Секој закон како што е познато се труди да покрие оптимален број ситуации за кои програмира тип на односи. Веќе тоа кажува дека нема закон кој може да ги покрие сите ситуации и тоа за секогаш. Така е затоа што и во законодавството категоријата повеќе е замена за категоријата се, еднакво на тоталитет и глобалитет, а пак категоријата често е замена за категоријата секогаш еднакво на вечност.

Од тоа следува дека ниту законот за високото образование по некој волшебен начин ќе ги задоволи сите интереси на сите професионални и политички групации и тоа еднаш за секогаш. Тој ќе ги задоволи интересите само на повеќето професионални и политички групации кои се евидентираат во тој домен, а тоа е доменот на високото образование. Така ќе биде затоа што категоријата повеќе е парцизална по однос на категоријата се, а категоријата често е парцијална по однос на категоријата секогаш. Тоа сеуште не значи, меѓутоа дека парцијалноста повеќе е лоша затоа што е добра тоталноста, се како што не значи дека парцијалноста често е лоша затоа што е добра тоталноста секогаш.

V/2

На почетокот на моето излагање реков дека овој закон се предлага во драматизирани околности. Такви беа околностите кога се донесуваше Уставот. Такви беа околностите со приемот на Македонија| во ОН. Такви беа конечно и околностите со потпишувањето на спогодбата привремена, со Република Грција. Беа драматични затоа што и тие документи парцијално решаваа прашања, а не глобално и тотално.

Според тоа што го реков испаѓа дека драматизмот е нешто сосема природно. И така е . Драматизмот е навистина нешто природно и својствено за човекот како што е и копнежот под тоталитет и глобалитет е легитимен инхерентен човечки копнеж , битна составка на неговата природа. Опасно е, меѓутоа кога копнежот по тоталитет и глобалитет ќе се претвори во идеологија која се вика тоталитаризам или глобализам, ако сакате. Тотоалитаризмот или глобализмот верувам не само дека постоел туку и дека има рецепти за тоа како да се најдат решенија еднаш за секогаш. Наспроти тоа политичкиот реализам предлага конкретни решенија за конкретни прашања, во конкретно време според конкретни можности што е најважно. Едно такво конкретно решение, во конкретно време, на конкретен начин и со оглед на конкретни околности е и сегашниот закон за педагошки факултет. Во еден конкретен контекст кој го опишав и кој го нареков драматизиран е некако полесно, поудобно и дури веќе популарно да се затскриваме зад копнежот под тоталитет и глобалитет. Искуството кое не предупредува дека ништо не е решено еднаш за секогаш не задолжува да ги решаваме и постојано, константно и само да ги решаваме работите.

Јас верувам во работи кои се решаваат, а не во работи кои се решени еднаш за секогаш. Верувам дека и парцијалните решенија се реални, пожелни, добри решенија затоа што нема и не може да има тотални или глобални решенија, затоа што тоталноста и тоталитетот се божји метафизички категории, а парцијалноста и индивидуалноста тие се

човечки категории, затоа што и нашиот живот и нашето време и нашиот мандат се парцијалности по однос на животот воопшто, по однос на времето како вечност, по однос на институтот пратенички мандат.

Ете зошто уважени пратеници јас го поддржувам предлогот на Владата да се донесе посебен закон или парцијален според речникот на сенатот за педагошки факултет во Скопје.

Јас ќе се осмелам дури и да ја побарам вашата поддршка за овој закон. Се осмелувам на таков чекор затоа што верувам дека се уважува реалното начело да се решаваат прашањата макар и парцијално, а не идеално и метафизички еднаш за секогаш, т.е. никогаш.

Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

После овој филозофски настап на професорот Вангелов, ќе пробам да кажам нешто поконкретно односно конкретно, не поконкретно.

Имено, според мое мислење се чини дека ова прашање се политизира во такви димензии што воопшто не заслужува. Инаку, проблемот е многу поедноставен, проблемот треба да се гледа правно и прагматично Тука се поставува едно мошне начелно прашање, а тоа е прво, дали во оваа правна и уставна конструкција, националностите имаат право на настава на свој јазик на универзитетски ниво . И, второто прашање, ако одговорот е да на првото прашање, тогаш која е правната аргументација дека тоа право стои.

Така како што јас го читам уставот јас сум длабоко убеден дека тоа право се смета како природно право и произлегува од духот на Уставот на РМ. Во прилог на мојава констатација стојат и следниве аргументи:

Прво, нашиот Устав спаѓа во група на устави, модерни, либерални устави кои содржат во себе една клаузула каде стои дека се е слободно ако со овој Устав односно со закон не е забрането. Тоа стои во членот 8 во Уставот на РМ. Никаде со некоја друга одредба не е излишно предвидено дека националностите го немаат тоа право односно им се забранува тоа право. Тоа што стои во членот 48 кој предвидува дека националностите имаат право на свој јазик во основно и средно образование, тоа е минимумот без кој се не може, а според секоја логика не е забрането да се оди понатаму, односно да се оди до максимум.

Второ, во преамбулата на Уставот на РМ како цели на Уставот на РМ меѓу другото се предвидува остварувањето на националната рамноправност и мора тука да се сложиме дека поимот национална рамноправност не може да се смета како фантомска категорија, понајмалку може да се сметка како апстрактна категорија, туку тоа треба да се сфати како потреба за материјализирање, со рефлекси во сите домени и области опфаќајќи го и образованието на сите нивоа.

Трето, Европската повелба за регионалните и малцинските јазици која треба да се ратификува пред овој Парламент и која произлегува од нашите обврски од членството во Советот на Европа како цели и принципи во членот 7 точка (Г) во преводот, стои дека државата ги превзема сите неопходни мерки за да се остварува образованието на регионалните и малцинските јазици така како што стои на сите нивоа. Значи, тоа, денес или утре ќе биде наша обврска.

Четврто, рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, членот 4 став 2 на оваа Конвенција, санкционира во потполна рамноправност со мнозинство народ и тука се спомнува економијата политиката, културата, општествени дејности и тн. Јас

сметам дека токму тука спаѓа и образованието бидејќи е само компонента на општествените дејности.

Ако кон ова се додаде и членот 45 од Уставот кој предвидува дека граѓаните имаат право да основаат приватни образовни установи на сите нивоа освен во основното образование, за жал тоа некој го протолкува рестриктивно и го поврзува со службениот јазик, а секоја таква институција во модерниве држави не се поврзува со службениот јазик туку се поврзува со комерцијалниот интерес, тогаш уште повеќе се зацврстува правната аргументација дека тоа право во глобала стои.

Владата нуди некои решенија тука, јас сум убеден во пракса ништо или сосема малку нешто може да менува. Земете го на пример само прашањето за прием на кадри каде се предвидува секој шест месеци да се распишува конкурс. Ве молам, па ние сме мала држава и мала средина и во првиот конкурс веќе ќе се пријават тие што се, што ги исполнуваат условите и секако не можеме ние да очекуваме од небо да ни најдат кадри. Ако се има реална политичка желба да се реши ова прашање па може, државата кога сака дури и од Нов Зеланд може да обезбеди кадри кои ќе предаваат на соодветен јазик дури и со преференцијални услови, за тие кадри.

Ако е тргнато кон тоа да се задоволи членот 48 според аргументите на Владата, таков каков што го замислува Владата за обезбедување на кадри кои ќе предаваат во основното и средното образование тогаш не е санкционирано дека тоа право односно тие кадри ќе се подготвуваат на Педагошкиот факултет на мајчин јазик по сите предмети и за сите нивоа. Тука е предвидено едноставно само до предучилишно ниво односно само до одделенска настава, одделенско ниво. Ако одговорот на прашањето е поврзано со глобалната односно правото на националностите да имаат образование на свој јазик и е поврзан со овој предлог за донесување на овој закон, одговорот може да стои дека во

постојните политички околности сеуште нема политичка клима, јас сум убеден дека ова не стои од причина што се нема политичка волја. Ако се има политичка волја, политичката клима може многу брзо да се створи. Во прилог на добрата политичка клима е и ова што ниедна сериозна политичка партија, дури и опозициона, дури и од оние партии кои до вчера носеа национален белег во екстремна форма не се фронтално против начелното решавање на прашањето на образованието на националностите на универзитетско ниво. Дури имаат многу пофлексибилен став од некои позициони партии и партии кои учествуваат во власта.

Според моето убедување најтврд став за ова прашање има Владата на РМ, претседателот на државата и одделни професори од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Дури и студентите покажаа доста зрелост во однос на ова прашање од причина што колку што има на Скопскиот универзитет 30 илјади студенти негде протестираа 500-600 тоа е симболична група, а третиот. ден беше смешна група. Јас можам да тврдам дека толкав број може да се собере дури и за најглупа идеја, најцрна идеја, најекстремна идеја и кај секоја национална заедница.

Исто така не држат констатациите дека кон глобалното и парцијалното решение се спротивставуваат одделни националистички групи. Ние бевме сведоци дека пред оваа говорница како највисокото ниво беше кажано односно беше оспорено како право, тоа е прво и второ, ова право беше сатанизирано иако според секоја логика ова се смета за природно право.

Нашата политика во сферата на меѓунационалните односи се базира врз два аршина, споредставени аршини. Првиот е декларативниот кој пред меѓународната заедница се рекламира како определба за највисоки стандарди на националните заедници, а втората е секогаш перманентно се бара комперативна балканска за првата на

националностите односно националните малцинства. А зашто не се бара компаративна студија, Европска компаративна студија па да се пофалиме дека ние промовираме една таква политика, па имаме морално право да побараме такво нешто.

Ако ние се определиме за Европска ориентација, а во Европа не може да се оди со балкански багаж, не може да се оди со балкански менталитет, не може да се оди со балканско резонирање , не може да се оди со балканско однесување и тн. туку таму се оди со Европски дух, со Европска желба и толеранција која ништо не знае да сатанизира, напротив сите идеа ги пушта во опција, па потоа луѓето сами да проценат што ќе преземат од тоа.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Витален и егзистенционален интерес на Република Македонија е што побрзо да се ангажира и особено за оваа сфера, за тотална рамноправност. Малите држави, според се, и праксата покажува дека не можат да опстојуваат со преголема доза на спротивставеност, со преголема доза на дискриминација и конфликтност.

Во интерес на Македонија е ова прашање е да се решава што побрзо глобално и принципиелно. Само така ние ќе произведуваме студенти кадри, кои Македонија ќе ја чувствуваат не само како сопствена држава, туку ќе се грижат за неа како сопствена држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Тодорова сака некоја интервенција. Има збор г-ѓата министер.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас, само како реакција на некои неточности што беа изнесени од г-динот Билали околу тоа на кое ниво ни ги почитуваме меѓународните стандарди во сферата на образованието. Едноставно и една резерва на оној исказ дека токму во оваа сфера остваруваме високи, односно се инкорпорираат во нашата правна регулатива високи меѓународни стандарди. Во таа смисла беше наведена и Европската повелба за регионални и малцински јазици која, како што и јас кажав набрзо ќе се најде пред парламентот за ратификација. При тоа, се спомна и дел од принципите на кои почива оваа спогодба. би ја прочитала точката Ј).

"Ставање на располагање на соодветни начини и средства за образование и проучување на регионалните малцински јазици на сите соодветни степени". Ние, проучување на малцинските јазици имаме и во високото образование, Катедра за изучување на Албанскиот јазик на Филолошкиот факултет, турскиот јазик итн.

Натаму, можните решенија што се предвидуваат во оваа конвенција, не случајно се дадени алтернативни можности, з а да се создаде простор, да го парафразирам г-динот Атанас Вангелов, веројатно лошо, за да во конкретно време решаваме конкретни проблеми, почитувајќи ги конкретните можности за земјата.

Ние, и во основното и во средното образование веќе во системската, во законската регулатива ги инкорпорираме највисоките стандарди. А, таму имаме градирање од целосно образование на јазикот на малцинствата преку изучување на еден дел од предметите на јазиците на националностите или малцинствата како се употребува терминологијата, до последната алтернатива изучување на јазикот на малцинството. Оттаму, и во ј основното и во средното образование ја прифаќаме алтернативата која нуди највисок стандард во почитување на овие права.

Уште да спомнам нешто во Хашките пораки за кои неодамна се расправаше, стои дека е неопходно, токму заради почитување на принципот на интеграција на националностиве во средината во која живеат, постепено во средното образование, посебно во средното стручно образование да се зголеми бројот на предметите што се изучува на официјалниот јазик.

Наспроти таквата препорака за да се обезбеди и вертикална прооднос во системот на образование а и заради вклучување во другите сфери во животот и работата, наспроти таквите препораки, кај нас и средното образование се разбира, целосно се реализира на мајчин јазик и за припадниците на националностите, со законската облигаторна норма за изучување и на македонскиот јазик.

Благодарам, јас чувствував потреба тоа да го кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Билали бара реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Добро, самата Повелба на државите им овозможува да ги селектираат принципите, начелата за кои ќе се определат и ќе ги почитуваат како внатрешен дел од правниот поредок. Меѓутоа и тоа е лимитирано, ако тука беше речено од министерот дека ние, во однос на оваа Повелба сме се определиле за највисоки стандарди, да ви кажам дека не е така.

Не е така од причина што членот 8 кој предвидува повеќе точки и каде државите можат да се определат за одделни точки, нашата влада имала можност помеѓу повеќе алтернативи, а најмалку две алтернативи:

Првата алтернатива гласи вака: "Да овозможат, значи државите, универзитетско образование и други видови високо образование на регионалниот малцински јазик или да", значи, ова не е прифатено.

Прифатено е во точката Д) "Предвидуваат изучување на тие јазици како дисциплини на Универзитетско и високо образование',' како што го кажа министерот тука.

А, во однос на членот 7 како цели и принципи, точката Г) можеби има двосмислен значај, меѓутоа, секое позитивно толкување тоа би го толкувало така како што јас кажав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Сепак денеска расправаме за образованието и тоа за високото образование и за некои модалитети во него.

На еден дел од пратениците гледам лесно им е, нема потреба да се слушаат тие имаат став, знаат како ќе се однесуваат. Мислам дека пратениците и за ставот што го знаат треба да го надополнат со

сознанија овде што ќе ги кажам оти тогаш ќе бидат и по, да кажам полни и за она што ќе се определат, а и таа определба ќе има поголема веродостојност и за натамошна активност, но тоа е работа на секого. I

Сакам да кажам дека расправаме за високото образование на една специјална, специфична наша форма. Значи, за една наша потреба. Една теза што многу пати сум се обидел овде на некој начин да ја ставам на тапет на јавноста изгледа не добива право на граѓанско во поширока смисла на зборот не само во државните институционални рамки, туку и во интелектуални рамки, во асоцијативни рамки во другите облици што се блиску до образованието или се занимаваат со тоа. Или, воопшто со културниот амбиент во културна атмосфера и културен развој кај нас.

Всушност, постојано овде, веројатно и местото е такво, да расправаме само за институциите и за разрешување на актуелните проблеми што лежат во животот во институциите. Ние, ниту еднаш немаме можност да расправаме за потребите. Односно, тргнувајќи од состојбите, какви состојби имаме и со тоа какви се потребите.

Клучно прашање за мене е состојбата со, да кажам сега, да ги земам, извинете, не мислам само на нив, мислам на нив, мислам на сите, но пофигуративно да се изразам, образование на високо ниво на албанци. Дали сте вие пратеници, колеги, други почитувани задоволни со 1,5% -2% високо образовни албанци во Македонија? Мислите ли дека со тоа е доволно Републиката оснажена за поголема продуктивност, за поголема креативна сила, за поголема сознајна моќ? Мислите ли дека тоа го обезбедува културниот амбиент, потребен во ова време и дека се оспособува со тоа Републиката за пошироки асоцијации во Европа?

Јас мислам не. Тврдам дека и вие мислите не. Е, па, зошто тогаш не размислуваме како тој проблем да го надминеме. Ако не може одеднаш, барем да создадеме услови тој, постепено, за 10-20 години да се надмине. Тоа е услов Македонија полнокрвно да речам, кондиционо

целосно да се вгради во интеграционите процеси. Инаку, не може само со Македонци. Ондосно, може, но тоа не е Македонија, не е целосна.

Е сега, замислете кога би го расправале ова и би дотеле, еве, апроксимативен документ, нека се вика резолуција на Собранието за урамнотежување на образованието во сите степени во Македонија, со одредени траси на таа реализација. Потоа да се седне и да се види со кои институции, на каков начин во кое време и со кои средства тоа може цда се направи. Тврдам, дека порелаксирано тогаш, што би рекол Вангелов, по со резон по со чувство на одговорност, за взаемната потреба би му пришле на овој проблем. А вака, стално сме исправени пред тоа, над проблемот да му пријдеме така како да едните бараат, едните даваат, едни не даваат, на едни им треба, не други не им треба. Јас, таа позиција за расправа за разрешување на нашите проблеми воопшто не ја прифаќам. Мислам дека таа е извор и може а биде извор на криза ако постојано на тоа вака им приоѓаме на проблемите.

Сега, да кажам, во недостиг на ова, во недостиг на она што г-дин Пруси овде кажа, тој овде кажа она што беше иницијатива, рече, тој беше во таа иницијатива за интелигенцијата Албанци, за Педагошкиот факултет, јас можам да кажам дека дури бев промотор на таа иницијатива на сета таа расправа, таму ги изложивме сите потреби. И тоа требаше да биде некоја основа и за градење на политиката и за градење на политиката за конципирање па и за создавање атмосфера. Мерсел тоа и други почитувани другари г-да го спомнаа. И, за создавање атмосфера. Битна е атмосферата за остварување на одредена политика.

Но, сега тука сме каде што сме. Што се сега со случајот, законот. Јас ќе кажам после за законот конкретно, но да кажам за еден- два паралелни стравувања. Не знам дали тој збор е потребен или може би подозрење е груб збор.

VI/6.-

Од една страна едни сакаат да го попречат донесувашѕО1 Законот затоа што имаат страв дека е оваа отворена врата на Универзитетот да се воведат јазиците на националностите како тоталитет, би рекол, што вели Вангелов. И, вчера на расправата за историјата на нашиот Устав ја кажав оваа теза. На мое задоволство дваица универзитетски професори го оспорија тоа, не мисли како универзитетот. Реков, дај боже да не мисли така. Јас така го примив тоа нивно реагирање.

Од друга страна и ние сме уплашени, да ви кажам право. Оти, реков, разговарам како со луѓе одговорни заедно сопствените проблеми да ги решиме. Не кријам, сме уплашени и ние. Мислиме дека со овој закон се затвора вратата за натамошен од кон остварување кон образованието на високо ниво, односно на високото образование на албански јазик во Републикава.

И, сега, иако сите сме уверени дека мал чекор, но нешто решава овој закон, не можеме да го прифатиме токму затоа што сме, кој знае зашто, наметнато ли е, или така е, може би, мислиме дека ова веќе ќе значи клуч, еве, тоа е и понатаму нема.

Сега, да кажам дека дури и во фазата на расправа за Педагошкиот факултет не беше овој договор. Ова и не е Педагошки факултет почитувани колеги. Ова е факултет за учители и воспитувачи. Во некои други земји така и се вика. Тоа е содржината и треба така да се вика. Педагошкиот факултет е нешто сосема друго. Тоа е институција, високо-школска, научна, која подготвува наставен кадар за сите степени на образованието, заклучно со средното образование. Се извинувам на професорите и педагозите овде.

Не е тоа што беше барано. Сега се поставува прашањето, примајќи го ова што го кажува министерката дека се направи, се прави поради тоа што тој кој ќе предава го изучува и се подготвува на тој јазик за да предава на тој јазик, добро, до четврто одделение. А до осмо? А

гимназија? Средното училиште? Според тоа, тој е така и така парцијален.

Сега, да и се обратам на Владата, нешто сосема искрено. Универзитетот рече што рече. Содржината можеме да ја објасниме, вака и така, но рече со оној закон.

Сега, и ние албанците викаме со оној закон. А ние, навистина сме претставници тука, мислам тука на сите и на ПДП и на ПДП-а и на НДП. Ги претставуваме Албанците. Ние имаме резерва, за кого се донесува овој закон. Останува дека се носи само за овие 236 ученици. Мислам дека само за тоа е корисно, хумано, треба да им се помогне на тие деца, меѓутоа, мислам дека тогаш не сме направиле ништо. Ќе носиме нешто сите незадоволни. А, нели беше целта ние со тоа да задоволиме една потреба и да создадеме една порелаксирана состојба во државата.

... Мојот заклучок е, иако пак кажувам нешто чекор напред е овој закон. И треба да се каже, не е целосен е парцијален итн., меѓутоа сите имаме резерва. Па, тогаш ве прашувам за кого?

Мислам, Владата оваа работа, мислам дека не би требало да инсистира и претседателот на Собранието да се пријде на гласаше по законот без да се елементарно расправа по ова прашање. И, не знам зошто претставниците од ПДП не побараа пред гласањето ова да се расlisti. Така што, сакам да кажам дека на некој начин ние сами со сопствената постапка и однос кажуваме дека ова е.

На крајот да кажам за тоа што сме овде на јавно место, сите ние Албанци и овие што сме тука и оние што не се, мислиме дека е најдена форма за високообразовние на албански јазик во рамките на системот во Македонија преку тетовскиот универзитет. Целиот тој дел кој не е задоволен со тоа, односно мисли дека тоа не е решение треба да

организира, да бара една, но заедно со сите една одговорна округла маса да разговараме за тоа. Оти, пазете, немојте сега нас овде 15-16 колку не има овде присутни да не обвините. Целата јавност е веќе со тоа, така да кажам, вградена во таа институција. Вградена е внатре. Еве, новинарите, читајте тоа што оделе, виделе, тоа што кажуваат што виделе, јас се не сум видел. Тоа е веќе институција во која целата таа популација е влезена. Не може без никаков однос. Така што и од таа гледна точка мислам дека не е зрело денеска за донесување на Законот и тоа од општа гледна точка од интересите на цела Македонија не само за Албанците. Би требало на еден по зрел начин и овие работи да се размислат, а тогаш решенијата да бидат барем да ги прифатиме.

Видете, ова е еклатантен, непосреден интерес пред вас, се разбира и на Турците и на другите, не само на Албанците. Сите Албанци не го прифаќаат тоа, тогаш не знам што е функцијата.

Затоа, предлагам, г-дине претседателе, расправата може да трае додека трае, а мислам дека неговото донесување, еве, условно да кажам, до некои расправи, вака на овој начин што ќе бидат во Владата и натаму да се одложи неговото денешно донесување.

VII/1.- ПЈ-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа, секако ќе одлучи Собранието. За збор се јави г-дин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, навистина атрактивна тема,слушаме многу добри дискусии, а јас ќе се обидам да бидам краток да не се повторам со некој.

Имено, предлогот за донесување на закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје предизвика огромни реакции, не само кај припадниците на националностите за кои и се однесува овој закон, туку и кај одредени авторитети од високообразовната атмосфера, кај Сенатот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", студентите, пишаните и електронските медиуми и другата јавност.

Овој предлог на закон мимо огромните реакции се однесува на една конкретна високообразовна институција, а тоа е Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски"во Скопје на еден одреден сегмент од образовниот ланец, а тоа е основното образование и уште поконкретно само на дел од основното образование и тоа од прво до четврто одделение. Пред малку г-динот Хисен Рамадани многу пластично рече дека ова е институција за едуцирање на воспитувачи и учители. Значи, една многу конкретна сфера од ланецот на образовниот процес.

Оттука, изненадуваат огромните реакции од сите страни, дотолку повеќе што овој закон го регулира предучилишното образование и одделенската настава, а уште повеќе што ова било практикувано повеќе од две децении на некогашната Педагошка академија се до 1986, 1987 година, кога се укинува под изговор немање правен основ под знак наводници. Тоа значи дека еден конкретен образовен проблем

санкциониран со Уставот се подведува под терминот немање правен основ. Целиот овој период од 1986,1987 до 1997 година се бараа одредени решенија кои претежно имаа козметички карактер и секој обид подлабоко да се сече во оваа сфера наидуваше на огромни отпори на одреден дел ј од образовниот естаблишмент се со цел да се оневозможи операционализација на ова уставно загарантирано право. Одредените интервентни решенија во овој период покажаа дека не можат да ја регулираат оваа сфера. Како продукт на сето тоа се напластија проблемите во сферата на образованието како резултат на што припадниците на националностите се повеќе заостануваа и квалитативно и квантитативно зад мнозинскиот народ. Се правеа обиди тој јас да се премости преку воведување на квоти за националностите и помало бодовно салдо за упис на поедини високообразовни институции. Тоа сосема логично ги стави во нерамноправна положба учесниците во трката за упис на високообразовните институции, што директно го дерогираа став 2 од член 44 на Уставот на Република Македонија кој вели дека:"Образованието е достапно за секого под еднакви услови". Поплаките, како што ви е познато отидоа и до Уставниот суд. Сиот овој превод ми дава за право да констатирам дека понудените решенија, вклучително со квотите за националностите, воопшто не ги подобрија состојбите. Тоа неминовно упатуваше дека проблемите во образовната сфера се посложени, покомплексни и бараат одредена стратегија во нивното решавање нормирана низ комплексен нормативен акт од сферата на високото образование преку кои нема да се решава само еден сегмент од образовниот ланец туку комплексот од предучилишното воспитание па се до високото образование.

Понудениот предлог на закон несомнено е важен чекор во тој правец, меѓутоа не укажува кога, како и со каква стратегија се регулираат и останатите карики од овој ланец.

Оттука, се нејасни одредени драматични испади на поедини претставници од образовниот естаблишмент, протестите на студентите со колорит на пароли, кои во најмала мера зачудуваат и не придонесуваат за ублажуваше на меѓунационалните тензии. Одлуките на Универзитетскиот сенат кои се дистрибуирани до сите институции на системот, обидите дека се наѕираат никулците на паралелни образовни системи итн. ВО една таква атмосфера кога секој е заинтересирана страна на понудениот предлог гледа замка и опасност за сопствената страна, не би било целисходно, јас би рекол е корисно истиот да се донесе. Дека оваа проблематика е комплексна и бара покомплексен приод покажуваат и расправите на поедини собраниски комисии каде истиот предлог на закон не доби виза.

Морам да истакнам дека за припадниците на трускатa националност овој закон е крупен чекор напред дотолку повеќе што во сегашните состојби тешко се исполнуваат и нормите од 20 запишани на Педагошката академија. Меѓутоа,со оглед на тоа дека има голем број на турски паралелки во основното образование, паралелки во средното образование огромен недостиг на кадри, еден комплексен закон кој ќе ги покрие сите нивоа на образовниот ланец би бил далеку подобар и би ја погодил сржта на проблематиката. Ова дотолку повеќе што согласно излагањето на г-ѓа Софија Тодорова Законот за високото образование веќе е на експертиза во Европскиот совет и за релативно краток период ќе влезе во парламентарна процедура.

Да заклучам, независно што стои во меѓународните документи за човекови права на националностите, членовите од 44 до 48 од Уставот на РМ се висок дострел во оваа сфера. Задача на оваа Влада овој Парламент и на наредните е да ги операционализира истите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Харуни бара збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници! Точката што ни е на дневен ред Предлог за донесување закон за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје, со предлог на закон. Повеќе години наназад често станува седнувана и застапувана тезата која уставно и законски загарантираното право на настава на својот мајчин јазик во основното и во средното образование на припадниците на националностите, како што е тоа член 48 од Уставот на Република Македонија и член 11 од Законот за насочено образование, е единствено остварливо ако наставата, наставниот кадар за основното и средното образование како и оној за предучилишното воспитание целосно се едуцира на јазикот на националноста на која и припаѓам. Ако тоа не се почитува и оживотвори се сведува само на обична уставна декларација односно голо право.

Владата на Република Македонија, односно ресорното министерство делумно отстапуваат од неа на начин што прифаќаат делумно едуцирање на кадар само за предучилишните установи и за одделенска настава во основните училишта. Со закон е уредена можноста за едукација на Албанците во основното и средното образование, но со закон не е уредено едукација на кадри кои ќе работат и ќе изведуваат настава во основното и во средното образование во сите нивоа на високото образование.

Мене посебно ме радува фактот што во Република Македонија има два универзитета, Скопскиот и Битолскиот. Ме радува што има 32 високообразовани организации од кои 28 факултети. Има две

интередисциплинарни студии и 5 виши школи. Ме радува фактот што во секоја учебна година над 7.200 ученици се запишуваат во двата универзитета во Република Македонија. Во двата универзитета ме радува ј фактот, посебно кога бројот на вработените и соработниците изнесува 1 2.394 вклучени во наставно воспитниот процес на двата универзитета во Република Македонија.

Исто така, секоја година постдипломски студии завршуваат околу 150 или 160 се здобиваат со магистерски и докторски титули. Но, не ме радува фактот што 10 албанци годишно не дипломираат во двата универзитети во Република Македонија. Кога се има предвид фактот дека во образование од прво па до осмо одделение се вклучени 3.597 наставници загрижува фактот што дел во одделни подрачја, средини каде што е вклучен наставно - воспитниот процес околу 30% имаме неквалификуван наставен кадар. Згора на тоа што дел од наставниците кои се вклучени во наставно - воспитниот процес се пред пензија. Исто така, тој број уште е поголем и имаме поголема потреба за едукација на кадрите во основното и во средното образование. Поради тоа образованието на мајчин јазик на албанците е проблем кој диктира многу параметри од демократскиот развој рамноправноста меѓу национална слога Македонци - Албанци, како и лојалноста спрема државата Република Македонија. Затоа,не е случајно што како жешка тема на било кое ниво се дискутира. Било тоа да се владини или невладини институции, тоа е образованието на албански јазик и на јазикот на останатите немакедонци во Република Македонија. А тие кои што се ангажираат за правата на образование на мајчин јазик на сите нивоа, почнувајќи од претшколското образование се до универзитетското образование многу бргу од македонската структура се прогласуваат како тие да се односно да го политизираат образованието, парафразирајќи се со предрасудите од номенклатурата на поранешниот систем и тоа тие што го бараат тоа право се нарекуваат како ирндентисти и

сепаратисти,националисти и што не друго.

Оваа ментална структура со вакво мислење, на жалост, освен во водечките државни структури уште поакцептирано е и кај универзитетските интелектуалци, македонци вклучувајќи ја и студентската младина. Паролите што ги видовме и дефилеата што ги правеа тие по скопските улици, јас мислам дека на народот што и припаѓа дел од таа студентска младина и дел од тие универзитетски професори, народот треба сериозно да се загрижи за својата иднина. Иднината на својата, секако,дражва.

Ова сознание ме задолжува, прво, да се сомневам во опциите ј на нивната политика или зборот е за некаков национал - комунистички багаж кој е софистициран и од кој тие не можат да се ослободат. За- тоа што само на таков начин тие ја изразуваат нивната екстра вредност доминирајќи на една национална заедница, како што е албанска, во еден извесен број на тие кои зборуваат и пишуваат на албански јазик.

Ако една трета страна која доаѓа од надвор, од едно друго општество со подемократска традиција го следи тој дијалог кој можеби има аргументи или е без аргументи, меѓутоа тие што бараат образование образованието да биде на мајчин јазик и оние кои тоа го спречуваат образованието да биде на мајчин јазик дури и со репресија, се поставува прашањето како ќе се изјаснува тој третиот што ја гледа таа расправа или тој дијалог. Вистинскиот одговор би бил без калкулации за оние кои бараат образование на мајчин јазик. Затоа албанските интелектуалци професорите, политичарите и студентите имајќи го предвид овој правилен одговор кој треба и кој доаѓа од цивилизацискиот и демократскиот свет да се ангажира силно и го поддржуваат Универзитетот во Тетово. И тоа како потреба за динамизирањето на

образованието на народот на кого му припаѓа и чија поддршка ја има.

Оваа наша определба очекуваме и нашите сограѓани македонци да ја поддржат со нивната помош со нивниот целокупен политички и материјален потенцијал. Оваа помош оди во нивна полза, затоа што ќе имаат образовни сограѓани албанци кои заеднички ќе го даваат придонесот за демократски развој на Република Македонија и ќе ја забрзаат интеграцијата во Европската Унија.

Исто така, треба да се фаворизираат параметрите на албанското училиште во Република Македонија за формирање на стандарди кои приближно би биле исти и кои би се разликувале само во однос на јазикот на одржувањето на наставата. Таму каде што односот измеѓу две национални заедници покажува дека наставата во основното образование денес ја следат 159.615 ученици Македонци и 74.740 ученици Албанци не држи тезата дека овие последниве во понатамошното ниво на школувањр комплетно да се интегрираат на македонски јазик. Затоа што се разликуваат од односите измеѓу малото мнозинство и големото малцинство со последици кои имплицираат тенденции во националниот идентитет. Да водеше подеднаква грижа државната администрација во сферата на образованието на сите свои граѓани, веројатно, проблемот на образованието кај албанците, особено високото, самата ќе го иницираше навреме и немаше да дозволи албанците проблемот на високото образование да го земат во свои раце и добро е што го зедоа, оти во спротивно ние албанците ќе покажувавме тотална колективна незрелост.

Државната администрација настојува и денес, за жал процесот на високообразовните албанци да биде секогаш контролиран и на некои минимални рамки. Само по себе се наметнува прашањето дали на оваа држава и требаат образовани граѓани или само образовни македонци.

VII/8.-

Што значи во Република Македонија националната припадност важен квалификатив кој ја одредува стартната позиција на поединецот во животот. Дали со оваа постапка државната администрација не ја поттикнува геотизацијата на немакедонците во Република Македонија. Кога би се водело подеднаква сметка сите да бидат интегрирани во општеството, немаше да се дозволи во Западна Македонија да не постои ниту една високообразовна институција. Додека во Источна Македонија каде што се скоро сите урбани средини со чисто македонско население или пак мнозинско македонско население скоро во секој град да има некоја високообразовна институција. А тоа не се случува во Тетово, Гостивар, Струга, Кичево, Дебар. Такви институции високообразовни ги нема.

Дали сето тоа е случајно и кога би било сето тоа случајно таквата случајност државната администрација не смее да ја дозволи кога таа поеденакво се грижи за своите граѓани.

Заради ваквата дисперзација на ваквите институции, не создава претпоставка за геотизација и тоа на мнозинскиот народ во однос на останатите немакедонци во Република Македонија.

Некои од аргументите што се употребуваат, дури и од званичните лица против Тетовскиот универзитет се и следните, дека тој универзитет не може да понуди квалитетна настава, дека ќе дојде до хиперпродукција на кадри и сл.

Значи во оваа држава систематски се работи да не се гради квалитетен кадар кај албанците и дали хиперпродукцијата е опасна само кога има албански национален предзнак.

На крај дали има излез од оваа заострена ситуација? Има, Ако Министерството за образование, Владата и Парламентот на Република Македонија го донесат законот за високо образование и прописите кои ќе ја овозможат употребата на албанскиот јазик како јазик за одржување на

наставата во сите степени на образование, а крајно време за да ги извлечеме сите оние кои се болни од болеста - аверзија спрема немакедонците во Република Македонија.

VIII/1.-НН/МЛ

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Прашањето кое се третира по предложениот закон ќе се обидам да го погледам од три аспекти - образовен, политички и уставен аспект.

Прво од образовен аспект. Кадрите што се школуваат на Педагошкиот факултет се школуваат за да предаваат во основното образование, односно од I до IV одделение, таканаречено одделенска настава н во предучилишното воспитание.

На Факултетот конкурираат студенти кои што имаат учено 12 години школо на мајчин јазик и сите 12 години учеле македонски јазик, - што претставува дека не постои јазичен проблем. Ова не го велам за да негирам дека има потреба од донесување на ваков закон, меѓутоа сакам од еден друг аспект да го посветам проблемот.

Сега како што стојат работите на Педагошкиот факултет 10 дисциплини, како што рече колегата Вангелов неформализирани дисциплини, тоа се главно методиките (психологија, социологија и тн.) се слушаат на албански јазик, меѓутоа тоа претставува приближно 1/4 од вкупната настава на тој факултет, а другиот дел од наставата меѓу кои и таканаречените формализирани дисциплини, како што се математика, физика, хемија и тн., иако јас дознав дека и по математика има професор кој предава на албански јазик, се предаваат на македонски јазик. Ако во меѓунационалните односи, како што на Комисијата изнесе и министерот за образование постојат два екстрема, ако едниот е асимилација а другиот екстрем е гетоизација, ние како пратеници на една демократска држава треба да сториме се да се избегнат овие два екстрема.

Јас се надевам дека декларативно сите пратеници што седиме овде, од сите партии сме против и асимилација и гетоизација, но постојат

разлики во тоа како тоа да се оствари. Јас се залагам за делот толеранција, разбирање и сожителство, меѓутоа како тоа да се оствари на дело кога на пример на Педагошкиот факултет не може да функционира ни Студентската организација, која што е формирана на паритетен основ - четири македонци, четири албанци и еден турчин и каде што нема настава. Значи некој замешал прсти од страна, односно политиката се замешала во Факултетот, инаку кои се другите причини да не функционира Студентската организација.

Јас ќе бидам задоволен и среќен кога за некое законско решение, кое што овде ќе се понуди и кога еден од колегите пратеници, да кажеме условно, од албанска националност ќе стане и ќе каже не го прифаќаме ова решение затоа што тоа води кон гетоизација. Ние слушнавме пред малку гетоизација, меѓутоа во друг контекст. Тогаш мислам дека меѓунационалните односи ќе тргнат по прав пат. Сите заедно да се потрудиме да ги избегнеме двата екстрема.

Еден од убавите начини за градење на сожителство и интеграција е токму наставата на Универзитетот. Во таа насока двата универзитети, и Битолскиот и Скопскиот, воведоа пред неколку години таканаречена позитивна дискриминација според која студентите од националностите може да се запишуваат на факултет со многу поблаги критериуми, конкретно може и со 60 поени освоени на факултетот за разлика од македонци каде што и 95% на некои факултети не се доволни. Тоа придонесе бројот на студентите кои што се запишаа, барем на Скопскиот универзитет колку што јас следев од 3% порасна на 4, па на 5, па на 6 и се извинувам што задната бројка, од минатата година, не ја знам, но еве ми помага министерот над 7%. Значи имаме една на-вистина позитивна тенденција на запишување на студенти од националностите на Скопскиот универзитет, не ми е познато на Битолскиот универзитет.

Втор начин за градење на таа интеграција и сожителство е наставата на Педагошкиот факултет. Јас прифаќам и разбирам и поддржувам и се залагам да се поддржи с€ што е национално обележје во смисла на јазик, култура и тн. и затоа ги поддржувам сите овие тенденции да сите методики (филозофија, социологија и тн.), уште еднаш да речам тие неформализирани дисциплини за кои што навистина треба да се изучуваат на мајчиниот јазик, меѓутоа не ми е јасно овде да кажам, зошто една математика мора да се изучува на мајчиниот јазик. Зошто едно ликовно воспитување, или физичко воспитување? Дали имаме трчање на еден јазик, или трчање на друг јазик? Зошто да не создадеме нешто тие студенти да се интегрираат едни со други, да се создаде навистина едно другарство, едно сожителство кое понатаму ќе се развива..Вака ги изолираме апсолутно од се. И тоа е оној тоталитаризам овде што се спомена меѓутоа во негативна насока.

Во Уставот постојат два члена кои го дефинираат овој проблем. Едниот е автономијата на Универзитетот. Во еден член се вели дека се гарантира автономија на Универзитетот. Се разбира таа автономија на Универзитетот треба да се остварува во рамките на Уставот и на законите. Законот за високото образование, кој што ние треба да го донесеме, е токму таа рамка која што понатаму Универзитетот треба да ја остварува својата автономија.

Во другиот член се дефинира дека се гарантира правото на националностите на образование во основното и средното образование. Од тој аспект Уставот е јасен и мислам дека секоја држава која претендира да биде правна држава треба да го почитува пред се Уставот и законите. Ние имавме овде и разни толкувања, меѓу- тоа само да ве потсетам овде, многу пати на оваа говорница ми се тврдеше дека тоа е во согласност со Уставот, а овој Парламент да се изразам спортски е шампион по бројот на закони, или членови на оддени закони што ни ги

поништи Уставниот суд. Значи дека сепак лошо сме го читале или сме го разбрале Уставот.

Зошто овој закон се носи по итна постапка? Тука е мојата единствена дилема. Како што не информира и денеска министерот во најскоро време треба да се донесе законот за високо образование, дали два-три месеци или некоја временска дистанца која што треба нас да не упаничи па да носиме сега закони по итна постапка. Мислам дека не е. Овој закони се носи, јас не знам точно колку веќе верзии поминаа, меѓутоа знам дека од 1990 година излезе првата верзија и еве е 1997 година ние сеуште имаме стар Закон за насочено образование кој што е во сила. Меѓутоа, во тој Закон беше предвиден еден член кој што го решаваше проблемот на едукација на кадри за сите степени на образование од основно до средно образование. Јас таквото решение го поддржувам.

Во овој момент, како што реков и на Комисијата За образование, на Педагошкиот факултет не постои кадровска екипираност за веднаш овој закон да заживее. Како што можеме да прочитаме во образложението само еден професор е во редовен работен однос кој е избран по сите законски критериуми. Се разбира, има тука и други професори кои гостуваат, има и професор кој овде седи избран сосема регуларно, законски, но сепак тоа не е доволно. Единствено во овој закон што јас неможам да прифатам е универзитетски професор на прагот на 2000-та година да дозволиме ние асистенти да држат настава. Тоа овој закон го дозволува сега. Мислам дека тоа неможеме да го дозволиме и тоа оди на штета на оние што треба да слушаат. Точно на студентите од албанска националност. Значи наставен кадар кој не е квалификуван според сите позитивни законски прописи кои што владеат сега.

Се залагам за квалитет подеднаков за сите без оглед на која нација или националност припаѓаат. Јас ќе го поддржам ова решение без недостатоците што ги кашав по Законот за високото образование.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Само едно мало разјаснуваше со оглед на тоа што господин Лазаров беше љубезен да наведе една моја формулација, која да кажам е непрецизна и со оглед на тоа што оваа седница се следи со зголемен интерес може да доведе до некои недоразбирања.

Јас; во своето излагање никаде не спомнав дека правам дингстинција меѓу формализирани и неформализирани науки. Точно е дека со таа дингстинција се послужив на Комисијата за образование која расправаше по овој закон, меѓутоа морам да бидам прецизен и да повторам што реков. Реков дека постојат науки со висок степен на формализација или егзактни науки и науки со низок степен на формализација или хуманитарни науки.

Само по себе се разбира ако некоја дисциплина еден степен на формализација не може да биде и наука. Така да ако се рече дека сум""се послужил со таква динкстинција пред јавноста, може да испад- не дека не познавам основни работи.

Се надевам дека ќе го примите ова уточнување.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас би реагирала на една неточност, исто така сега спомената од господинот Лазаров, затоа што може да создаде дополнителен критички одиум кон законот. Тоа е од аспект на квалитетот на наставниците кои би се ангажирале во реализирањето на наставниот процес.

Беше кажано дека законот создава можност за ангажирање на наставници со квалификации кои не се предвидуваат со постојната законска регулатива. Тоа не е така затоа што формулациите се апсолутно во комуникација со сега важечкиот Закон за насочено образование, а таква формулација се превзема и во законот за високо образование, што сега е во постапка.

За разлика од постоечкиот член во Законот за насочено образование каде за изведување на настава може да бидат ангажирани лица"високостручни кадри" се вели и други кадри од организации и институции, значи и со завршен факултет, ние сега тој критериум го подигнавме на нешто повисоко ниво и рековме дека треба да има барем степен магистратура или докторат на науки. Значи изострување на критериумот во однос на важечкото решение, а не непочитување на сега важечките решенија од аспект на квалитетот на кадарот кој ќе се ангажира. Ние ако немаме кадар сега да се реализира овој закон не знам како ќе може да се реализира законот за високо образование што би се на ваков начин поддржал.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа министри и пратеници. Конечно во една дискусија го чувме зборчето сожителство или соживот. Јас мислам дека сепак и покрај тоа што со дискусијата во целост не се согласувам со господинот Лазаров, сепак сметам дека овој закон е всушност еден проект кој што непотребно се однесува на меѓуетничките односи. Сите кога зборуваат за тој закон веројатно мислеа на таквата проблематика. Со оглед дека истовремено законот ги вознемири, го вознемири јавното мислење, целата медија сфера и веројатно за аналитичарите ќе биде уште еден критериум, можеби за класификација на позицијата на политичките партии во Македонија токму од односот кон овој закон меѓу левицата и десницата.

Интимно воопшто не верував во некоја еволуција на десницата кон центарот затоа што токму видовме по овој закон како таа реагираше. Токму тоа се оние критериуми кои што ја утврдуваат позицијата на политичката партија во еден политички систем.

VIII/7.-

Едновремено законот за Педагошкиот факултет е еден вистински тест или поточно термометар на нашите национализми, фрустрации, европски амбиции, партикуларизми, или умереност, рационалност, толеранција. Меѓутоа, да не заборавиме дека самиот закон се актуелизира во Македонија која што знаеме е конституирање на Балканот и каде што во услови на еден меѓународен неред, во услови на еден постхуманизам што ќе рече држава во перманентна криза, имено речи- си сите постхуманистички држави се во криза, во една криза и на вредности, меѓутоа и во економски социјална криза. Секој мал стрес може да создаде еден нов циклус на дестабилизација.

Она што мене ме фасцинира во самата атмосфера при актуелизирање на законот се два аспекта за кои што повеќе ќе се задржам. Тоа е феноменот на студентскиот револт и феноменот на меѓуетничките односи. Што се однесува до студентскиот револт знаеме дека тоа не е некоја новост во Македонија. Имено знаеме дека и во соседството студентите и нивните професори ја покажаа својата силина како политичка сила на цивилното општество, меѓутоа со сосема други и мотиви и амбиции. Како што знаеме во Белград се работи за довршување на демократските процеси, во Бугарија се работи за социјални проблеми, во Македонија се работи за проблеми од образованието и меѓу- етничките односи. Но исто така можеби се работи за нешто на кое што малку му обративме внимание. Можеби под тежината на монополистичката улога на политичките партии студентите,професорскиот кадар и нт. на одреден начин беа маргинализирани на политичката сцена и затоа толкава плашливост, толкава една резервираност на нашиот професорски кадар, но се избра еден би рекол несреќно избран мотив да ја покаже можеби својата сериозност и својата сила.

**НАНО РУЖИН:** (Продолжение)

До тука, околу сериозноста како една политичка сила. Јас навистина немам никакви резерви, бидејќи навистина и професорите и студентите претставуваат сериозна политичка сила иако, да не заборавиме дека добар дел од студентите не се одѕваа на овој протест. Веројатно свесни за чувствителноста на меѓуетничките односи.

Сега, кога доаѓам до меѓуетничките односи дозволете ми да ви кажам еден виц кој можеби посликовито ќе објасни некој наши односи кон оваа проблематика. Еден пес отишол во царството на мачињата и гледа како мачорот им вели вика: молете се два три дена веројатно ќе почнат да паѓаат глувци од небото, а песот вели види ги колку се наивни не знаат дека всушност ќе паѓаат коски. Секој ја гледа вистината од својот интерес, од својот аспект. Слична е асоцијацијата и кај нас. Во ова што ви го кажувам веројатно се зависи од метеоролошките услови. Овде кај нас треба еден реален пристап кон реалноста, кон реал-политичката реалност, на меѓуетничките односи во Македонија односно на односите меѓу социо-културната заедница на Албанците и Македонците. Мислам дека не можам д се согласам со резервираноста на ПДП кон овој закон, бидејќи во секој случај тоа е голем напредок кон толеранцијата, кон толерантните односи меѓу двете заедници. Зошто? Затоа што можеби тоа беше една реваникација за која пред неколку години малку кој реагираше. Денеска гледаме дека тоа е една сосема друга вредност со сите европски стандарди и сметам дека оној што сака да биде навистина и политичар со европски стандарди, со европски вредности, би требало да го поддржи овој закон.

IX/2

Од друга страна еден многу битен влог се наметнува со овој закон, тоа е влогот во недовербата во меѓуетничките односи. Всушност, во центарот на меѓуетничките односи во Македонија е недовербата меѓу двете социо - културни заедници и самото што доведува нормално до затворање на едната и другата. Меѓутоа, во време кога живееме во едни променети околности, пазарно стопанство урбанизација, индустријализација, која ги отвора сите социо - културни заедници воопшто не постои намера, нема потреба да се апострофира една резервираност кон таквиот закон. При тоа би сакал да истакнам нешто што можеби би бил како еден мал совет за позицијата на интелектуалецот во овие сложени меѓуетнички односи.

Алфред Гросер инаку германски евреин кој живее во Париз е добитник на една од наградите, тој е шампион всушност на помирувањето меѓу Франција и Германија. Неговата стратегија беше, со оглед на тоа дека живееше во Франција, постојано ги критикуваше французите. Кога одеше во Германија, ги критикуваше германците. Јас мислам, со оглед дека тешко кај нас спојуваме се во еден човек, мислам дека албанскиот интелектуалец, албанскиот политичар треба да ги исклучи кратките маркетиншки ефекти истото го мислам и за македонскиот интелектуалец и политичар, да се осврне кон сопствените национални набои, кон сите неправилности што произлегуваат од сопствениот етникум. Мислам дека интелектуално не е дозволено и не е фер да бидете припадник на еден етникум, а да го критикувате спротивниот. Сметам дека секој треба да се сврти кон своите слабости. Мислам дека во таа насока простор за разни фолк - идеологии, за разни епски настројувања,"патриотизми" нема простор и мислам дека овој закон треба да го усвоиме и да докажеме пред се, иако имам голема забелешка на употреба "ние - вие" за жал често пати се употребува во

медиумите кога зборуваат претставници на двете етнички заедници, мислам дека треба да докажеме дека сме подготвени на дијалог, толеранција, соработка. Само еднаш беше употребена категоријата и ако сакате и конографијата сожителство или соживот, јас мислам дека од тој аспект треба да тргнуваме во размислувањето при донесување на таквите закони.

Конечно, би сакал да истакнам дека исто така и Албанците треба да имаат малку разбирање за одредената недоверба на Македонецот, бидејќи живее во една нова држава, полна со предизвици, полна со опасности и мислам дека сите треба работите да ги гледаме еволутивно или како што рече често цитираниот Атанас Вангелов работите не се довршени, овој закон всушност еден голем дострел на демократијата во Македонија и мислам дека сите треба да бидеме умерени и уште еднаш ќе гласам за овој закон.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги, во оваа наша расправа која сигурно со внимание се следеше и на комисиите и во јавноста, едно е евидентно и што треба да не радува е дека разговараме за оваа материја во институција на системот, тоа е во овој Парламент. Тоа е најголемата придобивка од ова што денеска го работиме, го работевме овие денови и секако дека ова е само една меѓу фаза дека сите ние денеска глумиме малку или повеќе зависно од која позиција сме дека крајната цел е онаа која е веќе кажана. добро е што

рече не се вика парауниверзитетот во Мала Речица, туку се вика универзитетот во Тетово, добро е што веќе некои почитувани министри не се тука за оваа работа пред 2 години кога јас од истава говорница сигнализирав за можните импликации тие активности ги нарече издуван балон, роденденски хепенинг и т.н. Но, сепак добро е да разговараме тука, да ги видиме сите аспекти, дали овој предлог закон значи некакво решение дали е тоа премостување на одредени проблеми кои ги имаме, а уште повеќе што можат лесно да напливнат од соседството без да даваме точна дијагноза кои можат да бидат причините. Не би се охрабрил како некои претходни говорници да прогнозирам причини и мотиви за тоа. Се додека овој закон се обидува да разреши, по мене, минимум од она, што се аспирација и апетити. Евидентно е дека овој закон со исклучок на 20-тина студенти од турската националност., практично би требало да се нарече закон за употреба на албанскиот јазик на Педагошкиот факултет.

Ние, сакале или не, мораме да признаеме дека еден ваков закон не може и не смее да се донесе по скратена постапка од многу причини.

Прво и евидентно е дека овој закон не ги задоволува и оние за кои се однесува, затоа имаме бојкот на наставата, имаме жестоки реакции и мислам дека ако овој закон веќе мораше да оди, сепаратно од Законот за високото образование добро беше сепак да оди во две фази од една практична причина. не ќе беа присутни можеби избрзани изјави и слично, и објективни да бидеме очекував и очекувам дека во период што следи ќе ги слушнеме и другите националности во оваа држава, а не само албанската националност. Ред е да се произнесат, ред е да слушнеме

какво е нивното мислеше за овој закон, затоа што ние на една мала врата заговараме една бинационална држава дами и господа. Тоа е сериозноста на прашањето, тоа е што не загрижува сите нас, а најмалку е прашањето дали еден предмет повеќе или помалку ќе се слуша на мајчиниот јазик. Прашањето е толкувањето на Уставот, за жал, повторно велам, од тие што се најповикани да го бранат дури се и директни креатори на Уставот, јас не би си дозволил да ви кажам искрено, да бидам креатор на Уставот, не можам, но кога би бил, не би дозволил да може секој член од Уставот секогаш да ми падне со едноставна мотивација дека се што не е забрането е дозволено, или едноставно, се може да се среди со некој друг закон. Дали тоа ќе биде посебен закон или друго, не би се согласил. Во тие услови ние немаме Устав. Тука дискутираме на потези, стапка по стапка, чекор по чекор, јас би рекол Уставот треба да биде светост, треба да се гордееме ако го одржиме Уставот и не го промениме барем 50-тина години. Ако Уставот го сметаме дека ќе го користиме така како што ни одговара во зависност од составот на овој дом, и од други услови ќе го менуваме секогаш. На таков начин не можеме да стекнуваме авторитет во светот.

Не прифаќам мноштво дискусии дека диоптријата на Европа е поинаква ако некои работи не се регулираат по нивна желба доаѓаме до сознанија дека некои ислужени европски пензионери тука ја завршуваат својата мисија за да потоа бидат, да ми извинете на изразот, клоцнати и тргнати од ова подрачје некаде многу далеку, имате подобри информации, добро е што сознанието дека не смееме да бидеме лакмусот, овие денови убав израз најдоа новинарите, каде ќе се

испробува европската визија што на наши простори беа некоја ал хемија. Има некои работи што морало да бидат такви што се. Ако во Уставот ги напишавме тие одредби меѓу кои и онаа цитирана и во законот и тука експлоатирана дека националностите имаат право на образование во основно и средно не значи дека идниот професор не треба да се едуцира на било кој друг јазик, а пред се на државниот македонски јазик во оваа држава. Еднаш мораме да разбереме дека во оваа држава службен и државен јазик е македонскиот јазик и кирилското писмо и ние мораме ако веќе флебираме на граѓанско и европско однесување мораме сите ние во секојдневното однесување да прифатиме дека сите во Македонија се граѓани, македонски државјани а нивното етничко потекло е различно. Од тука е поимот народ и националности и ден порано ние ќе мораме поимот националности да го трансформираме како секаде во светот дека тоа се национални малцинства или малцинства затоа што во сите статистики, во сите документи многу лесно се меша поимот народ со националност. Впрочем, ние викаме дека ова е држава на македонскиот народ, а потоа редиме други. Ние некако навикнавме Уставот лесно да го толкуваме како нам ни е згодно. Никој не го оспорува правото на образование во основно и средно образование. Меѓутоа, ние господа, да се разбереме, правиме една импровизација со тоа што сакаме само за учители и во предучилишно образование на некој начин да легализираме нешто што некогаш било објективно, но кое секако припаѓа во доменот на високо образование. Тука ја гледам најголемата грешка. Не може ни една членка на Универзитетот "Св, Кирил и Методиј" и Универзитетот во Битола "Св. Климент Охридски" да се издвојува со посебен закон, затоа што веќе тука гледаме навестувања дека ќе мора да донесеме сличен

закон веднаш по овој, за педагошките факултети во Штип и Битола, не можеме нив да ги оставиме на страна, утре таму ќе се јават 20 ученика од некоја националност, фала богу ги има, и ќе треба да организираме образование за кое ќе мора да донесеме закон. Следи веднаш она што значи средно образование каде што имаме различни прифили и струки. Покрај она што значи хуманитарна струка ние во средното образование имаме поголем број на струки кои ја надминуваат таа хуманитарна страна. Имаме средно медицински училишта, машински, електро, градежни, правни, економски и т.н. Каде ќе го едуцираме сега тој кадар, ако појдеме од таа аналогија дека правото на образование подразбира да се има сопствен факултет или сопствено високо обра- звание. Тоа е таа крајна цел колку тој закон за високо образование не го ставиме тука на дневен ред да го разгледуваме од сите аспекти најтрезвено, најцивилизациски, најсовремено по вкусот на она што го бара XX1-от век се друго ќе бидат само палијатурни решенија за кои со право Сенатот и Ректоратот имаат свој забелешки. Јас не би поминал како некои колеги пратеници бегло дури потценувачки дека Сенатот со исклучок на два сенатори не прифаќа еден ваков начин на решавање на проблемот, не би занемарил податок дека се потпишаа 460 професори на највисоката високо образовна институција во државата и не би го потценил како сите со некои исклучоци студентскиот протест или револт. Дури би го нарекол многу трезен студентите покажуваат многу поголема зрелост од нас, со оглед на настаните во опкружувањето и само излезе една мала група да ни сигнализира дека таа утре може да се мултиплицира и веднаш да кажам во овој случај партиите останаа на висина, студентите да не ги

инволвираат во политиката со она што е моја забелешка и што верувам сите ние се оградуваме од некои пароли на тој митинг. Меѓутоа, не можам да не дадам поддршка на студентите, веројатно најголем број беа Македонци, уверен сум дека имаше и други, не беа само Македонци, ако ние гледаме месечно по една демонстрација во Тетово, Гостивар и во други градови од наводни труења, па ќе се најде причини и слично и тоа во многу масовен број.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Од кој причини не ми е јасно . Јас не се гордеам со тоа што може политичка партија да заведе студенти и за било што и без причина да ги изведе на улица. Према тоа, овој студентски револт мораме да го прифатиме дека студентите не може да ги интересира само исхраната. Исхраната беше мотивот и моделот на студентските работи од 1968 година. И немојте да ја занемарите таа популација и тој жолт картон за сите нас. Мораме да имаме повеќе респект дека се работи за нивна иднина, веројатно дека добро е што тој дел заврши онака како што заврши, но со една опомена дека не можеме ние таа сила да ја минимизираме. Напротив мора да има респект и мора да биде активен учесник во сите овие расправи кои што се однесуваат од доменот на нивното секојдневие, а нивното секојдневие е високо образование. Према тоа, ако дадевме повеќе време, ако Владата дадеше повеќе време за овој закон да ги помине сите сфери, сите институции, веројатно помали ќе беа реакциите и веројатноста дека овој закон ќе биде прифатлив од сите субјекти и неспорно е дека ќе биде изгласан, во тоа не се спорам меѓутоа, малку фајде ќе има од негово изгласување денеска, затоа што мора да следи следна фаза. се знае од четврто до осмо одделение, па понатаму од прво до четврто средно и т.н. Не можам да сфатам дека на секој начин мора во високото образование да биде наставата на мај- чин јазик. Не води ли тоа кон една доброволна самодискриминација, да се биде одделен студентот, да мора да прифати решенија кои што Законот ги предвидува за настава на не соодветни кадри во овој момент и тоа најважното, најсупсилното и кое што никогаш не го спомнуваме, се повикуваме на сите меѓународни конвенции, договори, кои што ја регулираат оваа материја, сакаат само ако ни одговара во моментот на нашата дискусија. Зошто не спомнуваме

конвенција против дискриминација во образованието на Унеско од 1960 година, каде што покрај правото на образование на мајчин јазик на националностите, меѓутоа, стои една многу интересна, и би рекол многу визионерска уставна одредба. Ова право не треба да биде и не смее да биде користено на начин кој ги спречува припадниците на малцинствата да ја разберат културата и јазикот на целата земја за да можат во таа заедница да гледаат своја иднина и свој прогрес и да не го доведуваат во прашање државниот и националниот суверенитет. Внимавајте сега на оваа одредба. Значи секое одвојување, да не употребам тешки зборови , секое оддалечување од она што значи широка општествена заедница во која што сите националности и македонскиот народ треба да комуницираат помеѓу себе, логики е дека треба да комуницираат на службениот и државниот јазик, кој што јазик е на нај застапениот народ во државата. Ако некој се едуцира комплетно во целиот свој живот исклучиво на својот мајчин јазик, зборувам за националностите и потоа се подготвува тие свои знаења да ги употреби, да ги валоризира во едни тесни рамки, или во еден тесен простор, се поставува сега основното прашање. За кои цели постои таквото образование. За каде, и зошто? Дали за афирмација во оваа држава, дали за вклучување во институциите на системот, или пак за многу скромното знаење на државниот јазик кој што прераснува и во навреда и во омаловажување. А тоа е темелна определба на овој Устав на оваа држава. Дами и господа со полн респект према националните чувства кои што има начини да се изразуваат преку историскиот, културниот , етничкиот и друг идентитет. Образованието мора да биде прифатено како еден поширок сегмент. Точно е дека од оваа образование од оваа образовна сфера полза мора да има целата држава, вклучувајќи го граѓанинот како нејзин сегмент. Секогаш ние почнувајќи од правата веднаш поминуваме на колективни

права, веднаш поминуваме на етнички групи, групации, малцинства и т.н. Мислам дека секое одолговлечување на донесување на дневен ред , не мора то ада значи усвојување на законот за високото образование, проблемите ќе се мултиплицираат и ќе се усложнуваат. Веднаш се наметнува прашаше, утре ќе дојдат магистерски и докторски студии. Значи ли тоа дека таа пирамида модерна се нарече овие денови, но нека остане во сферата на штедењето, нека не биде во сферата на образованието ќе се гради на таков начин. Да. треба да се гради со квалитет, без квоти , со рамноправна конкуренција на знаења, идеи и способности, затоа што само на таков начин најдобро, најцелисходно и најшироко се афирмира сопствениот идентитет, сопствената култура и би рекол сопствениот народ. Да не занемариме дека на многу субјекти со скромни знаења , не тука во оваа сала, надвор од неја, познаваме многу од нив на кој што повеќе им конвенира поскромни знаења за да можат да дојдат до израз нивните незнаења, без оглед на нивното образование.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, бидејќи многу од претходните дискутанти дискутираа во врска со овој Предлог закон, јас мислам дека малку остана за да уште нешто се надополнува во врска со овој закон. Но сепак мислам дека има потреба за да појасниме некои работи. Денеска господа пратеници како што знаете имавме прилика да слушнеме, ако не добри зборови да слушнеме предавање од некои професори каде искажуваа и навредливи зборови што мислам дека оваа средина не би требало да ги толерира. Но сепак имавме прилика да слушнеме и дисер-бегови принципи на некои професори кои јасно ни покажуваат дека што можеме ние во моментот да правиме и како да излеземе од овој да речеме"ќор-сокак". Но и министерката се обидуваше

на некој начин да објасни до крај дека потребата е мошне голема за да се донесе овој закон, но јас верувам дека и никако не можам да се убедам дека тоа е така, дека тоа ќе има придонес за нашето општество , дека тоа може да не води кон една добра иднина, нормално ако ја замислиме. Убеден сум ако не друго дека ако ние сега го правиме овој чекор од донесување на овој закон, сто псото сум сигурен дека Уставниот суд овој закон има да го укине. Имајќи го предвид досегашното искуство и на Уставниот суд и на ред тие закони што беа донесени така под една итна постапка. Меѓутоа, јас ќе инсистирам да го кажам и своето мислење во врска со ова без оглед што однапред знам дека малку ќе можам во овој поглед да ги убедам моите колеги дека треба од овој аспект малку треба да го менуваме мислењето и да одлучиме поинаку.

Една од причините која може да ме доведе до сериозни кризи јас мислам дека е проблемот и прашањето на образованието, односно нивното не регулирање. Во конкретниот случај не се работи само за еден сегмент на решавање на високото образование, кој во моментот Владата на Република Македонија, односно ресорното Министерство инсистира да ја надмине преку "мала врата", туку според и по мое убедување нешто проблемот е подлабоко и почувствително.

Во врска со ова прашање, јас уште еднаш ќе се обидам да го дадам мојот придонес во интерес на тоа што е заедничко, во интерес на тоа што е современо и во интерес на тоа што мислам дека е демократ-ско. Убеден сум дека во овој поглед еден дел на присутните ќе го толкуваат поинаку, но јас свесно ќе го елабурирам тоа што верувам и сум убеден дека ќе ни одговара во моментов на сите нас кои живееме во оваа мала држава како мултиетничка, мултикултурна заедница. Свесно

или несвесно Владата инсистира овој проблем да го реши парцијално , без оглед на тоа дека суштината на ова прашање е суптилна и треба да биде решено во глобала. Токму за тоа божем инсистира и Сенатот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" на чело со г-дин Саво Климовски,кој како што сите знаеме и сме сведоци дека беше еден од главните протагонисти за дифирицирање на албанците во 80-сетите години и наваму и нормално во свое време придонел видливо за заладување на меѓуетничките и меѓунационалните односи и се подразбира под кои сценарија и нормално сега повторно му се пружи приликата да ја изигра истата улога во Сенатот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" и нормално да изманипулира со студентите истите да се докомпромитираат до крај и да излезат против нивните колеги албанци кој нормално бараат да учат на свој мајчин јазик. Една мала дигресија би направил во моментот имајќи предвид дека претходните дискутанти беа професори од истиот Универзитет, јас слушнав дека до крај тие се залагаат во една форма да го бранат ставот на Универзитетот, а од друга страна да бидат добри и со Владата. Да не се пореметува расположението на Владата, значи тука се игра со една дволичност. И не само тоа. Тргнувајќи понатаму и оставајки на младите генерации наместо мирот и спокојството, напротив недовербата, омразата и националната нетрпеливост. Убеден сум дека универзитетските професори што побрзо ќе се оградат од едно такво однесување и очекувам да создадат друго сосема поинакво решение меѓу студентите и односите со двете националности. Понатаму, прашањето на образованието изгледа дека ќе остане клучно прашање во меѓуетничките односи , се додека нема да отстапиме од констатацијата дека е политички потег и се додека нема да разбираме како потреба на културно, научно и демократско воздигнување на нашето општество. Тука влегува и прашањето за тетовскиот универзитет кој нормално дека

чека решение. Бидејќи понудениот Предлог закон делимично опфаќа, односно се однесува само за Педагошкиот факултет, а потребите се поголеми, имајќи предвид при тоа дека на нас албанците не ни се потребни само кадри за изучување на предшколските малолетници, кадри кои ќе се подготвуваат за предавање на настава до четврто одделение, туку свесни сме дека тие кадри можат и треба да бидат и понатаму за да имаат можност да ги едуцираат и од 5 до 8 одделение, па и во сите други училишта каде што ги имаме средните училишта и професионалните средни училишта. Оттука произлегува дека нам не ни се потребни само да кажам, без некоја навреда даскали, туку и ред други кадри кои верувам дека повеќе ќе придонесат во овој поглед за интересот на државата како албанци, односно тие ќе бидат натамошни економисти, правници, инженери, лекари и слично. Токму за тоа ние се залагаме бидејќи законот за високото образование ја поминал правата фаза да се примени и да се стави што побрзо во дневниот ред од каде верувам дека сите треба да се ангажираме и да создадеме клима за да се институнационализира и легализира тетовскиот универзитет. Но за ова треба најпрво да се отвори комуникација, една отворена комуникација за да се овозможи дијалог за контакти на сите нивоа на граѓани на неофицијални, на владини на невладини организации кои треба да се вклучат во решавање на овој проблем од каде ќе излеземе со цврсти врски помеѓу луѓето да создадеме таква клима за доверба и да не допуштиме ништо на стихијата. Да земеме поука од наоколу, да видиме што се случува на границите на Македонија и т.н. Сега ние ги имаме шансите и да ги разрешуваме проблемите, да се обидуваме кон нивно решавање, додека имаме можност и додека имаме и до достасува времето. Верувам дека полесно ќе биде тогаш и подобро ние ќе можеме да ги надминеме овие наталожени проблеми што сега се соочуваме.

X/7.-

Сосема на крај уште еднаш ги повикувам сите присутни пратеници и други органи по ред на разбирање и да најдеме можности и патишта за еден подобар излез од ситуацијата , да решиме глобални,а не парцијални обврски и закони и да бидеме свесни дека со парцијалните работи никогаш не сме можеле да имаме успех, туку овој проблем е глобален и во глобала треба да се реши. На крајот на краиштата ние како пратеници албанци, ниту имаме право ниту можеме овој Предлог закон како такво да го признаеме и да го гласаме од многу причини Бидејќи сите овие услови што не опкружуваат и се ова околу нас ќе кажат дека ако ние инсистираме во овој поглед да правиме некои работи наместо да ги подобриме , наместо односите меѓу нас да ги оладиме , ние напротив ќе придонесеме за да се случи некој екцес што времето ќе биде после доцна да се решава. Јас уште еднаш ги повикувам сите присутни пратеници и другите што се надлежни да преземат мерка овој закон сега во оваа фаза само што почна и ете се дискутира во втората фаза да не се овозможи и да не се донесе, бидејќи сосема тој закон ќе биде скромен и сосема ќе биде отфрлен од страна на Уставниот суд.

XI/1 СЈ/ЛБ

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател, почитувани министри,

Денес вреди и е потребно да се архивира политичката намера за многу појави, кои утре можат да бидат еден важен предмет за расправа или анализи. Тоа што ние се обидуваме да го направиме денес, другите го направиле многу порано па затоа и нивните работи одат можеби многу подобро отколку што одат кај нас. Но, ова не значи ние да застанеме, да се деморализираме затоа што изгубивме, туку напротив треба да бидеме поттикнувачи на многу иницијативи на младите генерации да им го отвориме патот кој води кон блиска среќна иднина. Често пати спрема сето она што се случуваше во овие шест години се повторуваше слоган "албанците се или не се фактор за стабилизација на Македонија". Се поставува прашање, кој сакаше да добие од овој слоган и дали се одигра некоја дисциплинска улога спрема многу основни барања на албанците во Македонија, затоа што ако албанците се покажале внимателни, ете се случило Македонија да не се дестабилизира тогаш се поставува едноставно праша&ето која била цената на оваа грижа за стабилизација.

Не сакам да кажам дека треба албанците да се покајуваат туку сакам да поставам само една дилема, дали високото образование на албанците на албански јазик претставува дестабилизација на државата Во крајна инстанца тоа што можело да се изрази како незадоволство кај албанците никогаш не било адресирано против интегритетот, суверенитетот на државата. Такви дилеми понекогаш отвораат политичарите кои раководат со државата или подобро да кажам со политички партии кои често забораваат да го потенцираат многунационалниот колорит и факторите кои можат да го променат или пореметат овој колорит или се случуваат чуда кои го стеснуваат

просторот за интеграција со албанците во држава и се создава временски вакум за меѓусебна недоверба. Политичкото организирање на албанците во рамките на системот, давањето на доприносот за вистинско унапредување на вистинска демократија на државата и интеграција на државата кон европската заедница, Советот на Европа, програмата партнерство за мир и тн. ред други работи важни за државата . Со ова се подразбира дека албанците оваа држава ја имаат своја, нивна заедница заедно со македонците и другите. Со ова треба да се развиваат и праведно напорите во правец на високото школување бидејќи тоа е една важна рамка за разбирање и конкуренција со професионални кадри. Само со школувани луѓе се оди во полза на државата и добиваат сите граѓани на оваа земја.

ПДП, јас мислам и понатаму гледа оправдано дека во рамките на системот со демократски парламентарни убедувања и делувања дел од македонската страна да се убеди дека високото образование на албански јазик да се предвиди со закон каде ќе се реши целосно високото образование и ова да се сфати како најценета вредност на земјата.

Јас бес сомнение сметам дека вредностите на политичкиот плурализам се големи и треба да се искористат во многунационалната дражва. Но, кај нас за еден вистински политички плурализам претставува пречка службените податоци за застапеноста или запишување на студенти албанци на скопскиот и битолскиот универзитет.

Потоа, напорите на одредени политички партии или сили за еднонационална држава или за фаворизирање на таков концепт и што се залага и се инпонира и на дел од младите на оваа генерација студенти кои стодираат во Македонија.

Токму кај овие кругови концепцијата за мултиетничка држава создава нервоза и аверзија, но ова е реалност. На оваа нивна нервоза кај политичките сили кои мислат поинаку уште повеќе треба да се зајакна

политичката волја за рамноправни граѓани во оваа држава иако не ретко оваа волја е лошо разберена, што за жал ова неразбирање е пренесено и кај студентите.

Смелите политички потези кои водат кон меѓунационална толеранција се можни да се елиминираат и да внесат контраст во сите подрачја, но такви чекори можат да превземат луѓе кои навистина и го сакаат доброто на оваа земја. Сме во состојба да присилно признаваме дека во овој момент може да дискутираме за низа проблеми кои го следат високото образование што во овој правец би можеле да допринесеме сите заедно повеќе, ние се среќаваме со една човечка слабост дека ќе биде трагедија ако албанците го имаат високото образование на албански јазик. Како може да се сфати да во Македонија на крајот на овој век некои уште повеќе да сакаат образованието да биде во својата земја на национална база, основа.

И оваа, средновековна логика за жал кој е кратковид му конвенира, како што е претседателот на сенатот кој и порано беше кратковид во 1987 година кога добиваше задача од Белград од газдите во Белград за укинување на паралелки на албански наставен јазик во средните училишта во Македонија, што остави црна дамка во добрите нефункционални односи што за жал не беа без последици.

Почитувани колеги и пратеници, во некои држави со повеќе национални јазици односно јазични групации со многу години и векови живеат во голема хармонија со еден заеднички живот и толеранција. Има доста примери за заеднички живот на различни национални етнички етницитети , еднакво се развиваат во сите области, политика, стопанство образование преставување на органите на државата, а нашата земја не сака и има такви што не сакаат да се поравнат со тие земји иако за тоа имаме големи шанси. Бидејќи јас сметам за некои проблеми што се актуелни во меѓунационална сфера за правилно решавање е само прашање на време. Што побрзо тоа подобро, бидејќи рамката што ја

прифаќаме како заедничка е јавна. Затоа апсурдно е да се изведуваат и режираат драми со такви сцени. Од такви сцени никој не добива. Најмалку добиваат студентите идните генерации кои ќе студираат.

И од балкански аспект е сувишна целата политичка енергија во една политичка групација или дел од политичари да го усмерат во активностите преку нивни граѓани, сограѓани ако бараат да се школуваат на мајчин јазик. Појавување на паника или непотребен страв тоа е национална незрелост. На кого му одговара состојбата албанците родители, ученици секоја школска година да се среќаваат со години со повторувани исти проблеми, може или не може да ја посетуваат наставата на мајчин јазик.

Јас мислам дека Законот за педагошки факултет или за факултет за воспитувачи и учители е еден многу сите чекор за да се решаваат проблемите на високото образование на албански јазик. Останува отворен проблемот што води на понатамошно меѓусебно неразбирање, недоверба и сето тоа ги оддалечува шансите на идните генерации македонски и албанци турци и власи и други да очекуваат нешто повеќе од нас за трајно решавање на овој проблем во образованието со единствена или најважна можност за зближување. За жал сеуште се наметнува потреба да се процени демократската политичка култура за нерешеното национално прашање во Македонија.

Дилемата на кое ниво се решени меѓунационалните односи се појавува непотребен страв од мнозинскиот народ ако се достапи еднаков статус во образованието за сите.

Констатација е дека ниту еден друг одлив на политичкиот живот не е толку тешко да се создаде како што е демократијата, а уште е потешко да се одржи. Таа констатација е во граѓанските општества КОЈ што се многунационални и процесот за граѓанска еднаквост недискриминирани граѓани по ниту еден основ.

XI/5

Постои една можност за девалвирање на државање од страна на поголема политичка групација или коалиција, без разлика на тоа се однесува за позиција или опозиција.

Ако на јавноста и станат јасни податоците за диспропорција на професионалност, стекнување на факултетски дипломи, вработеност во однос на целокупната популација, јас мислам дека граѓаните треба правилно да се информираат за сите овие состојби од адекватни служби за процетуалната интеграција на сите граѓани на нашата држава.

Ако настојуваме да сме демократска држава, тогаш непотребен е страв од некои политички партии и во парламентот и надвор од Парламентот да се чувствуваат несигурни во нивниот допринос заради националната различност на земјата. Или поточно, кога ќе се сфати дека универзитетот на два наставни јазици, тоа е чест и богатство за државата. Или, до кога несоодветната застапеност на албанците во структурата^ на образованието која реално отвора можност за манипулација, но и со факти дека албанците се дискриминирани и се обесправени во таа сфера.

Заедничкото живеење н може никогаш да се доведе во прашање ако се воспоставуваат добри политички, избалансирани и уставно - правни загарантирани односи меѓу сите граѓани на Македонија и развивање на вистинска демократија ако се елиминира секој облик на дискриминација врз национална основа во сите сфери на државата.

И, на крај, ако се отворат можностите во законски регулативи, со законски регулативи да се образуваат албанците со подеднакви услови тогаш се создава еден реален процес, побрза интеграција во државата и тој процес би се засновал на принципите на професионалност, тоа би значело успешна интеграција и клуч за спречување на сите недоразбирања меѓу албанците и македонците и другите граѓани кои живеат во Македонија.

XI/6

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин Таири има збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, Во една вештачки вжештена атмосфера се предлага закон, а има за цел надминување на една создадена ситуација која е резултат на рестриктивната образована политика спроведувана во РМ од еден широк спектар, која од еден широк спектар на наставни содржини во Педагошката академија во раните 80-ти години во втората половина на 80-тите доведе до елиминирање на албанскиот јазик во оваа високошколска институција што впрочем беше и генерална политика за националните права што ги уживаа албанците и другите етнички колективитети во РМ.

За жал, според мое мислење, и ако се нуди одредено решение за потребата од едуцирање на кадри за изведување настава на албански јазик односно на јазиците на националностите, предлогот така како што е конципиран според мое мислење не овозможува надминување на состојбите околу потребите за образование кадри за изведување на става на албански јазик бидејќи е премногу парцијален. Имено,со предложениот закон се третира само прашањето за едукација на кадри за предучилишно воспитува и одделенска настава, а се оставаат настрана потребите од едукација на кадри за останатиот дел на основното образование и средните училишта како и другите видови на високо образование на албански јазик Таквата разлика во третманот во основното и средното образование е во спротивност со член 48 од Уставот на РМ кој вели дека припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование. Што значи ист третман и на едното и на другото ниво на образование. Бидејќи од една страна ја прифаќа неминовноста од едукација на наставнички кадар за потребите на основното образование до одреден степен, додека ги негира таквите потреби на ист начин да се решат и во

поглед на образованието за повисоките одделенија во основното образование и за средното образование. Понатаму сметам дека во овој поглед државата треба доследно да ги преземе обврските и да обезбеди едукација на кадрите за потребите на основното и средното образование без никаква разлика.

Втор сериозен недостаток на предложеното решение е местото кое е лоцирано за реализација на овој законски проект.

XII/1/CC/лј

**МЕВЉАН ТАИРИ** : (продолжение)

Сметам дека е апсолутно јасно дека, доколку не се обезбеди независност на институцијата што ќе продуцира кадри на албански јазик односно доколку лоцирањето на местото каде ќе се решава овој проблем се остава да се решава од еден ортодоксен комунистички центар, со истурениот експонент Никола Петров, сметам дека не може да се очекува никакво решение дури ни за овој проблем кој има за цел да го реши овој закон. Односно дека ќе се најде на несовладливи тешкотии во самата реализација на овој законски проект.

Сметам дека решение треба да се бара посебен центар за едукација кадри, раководен од самите албанци, односно заедно со други кои имаат такви и слични интереси, преку директно вклучување на раководството на тетовскиот универзитет во разрешување на овој проблем, односно создавање на законски рамки за легализација на тетовскиот универзитет. И тоа преку финансирање дел од државата, а другиот дел преку други форми на финансирање, приватен мешан итн.

Ова што го кажувам сега не е никаков маркетинг. Не го кажува тоа само да го слушне некој. Верувајте, навистина сум у беден во тоа, на овој начин ќе се отвори дијалог со една институција која во моментот преставува сериозен проблем во државата и сметам дека во една мирна атмосфера може да се најде соодветно решение.

Инаку, понуденото решение несоодветствува ниту со јавно искажаните ставови на врвни државници, во разни пригоди, односно со обврските преземени и заложби што Република Македонија ги има преземено при зачленување во разни меѓународни организации, како што се Обединетите Нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Советот на Европа и други институции. Една од тие изјави ја спомна г-динот Абдурауф Пруси кој сметам, јас се надевам дека е само еден ГАФ односно дека зад таа изјава стои вистинска намера проблемите на тој начин да се решат.

Инаку, и од страна на г-ѓа министер и од страна на некои други пратеници се спомнуваат меѓународни стандарди, меѓународни договори, висок степен на имплементираност на одредени стандарди во внатрешното законодавство, односно висок стандард на почитуваше на националните права на албанците во Република Македонија.

Во овој поглед би сакал со еден краток преглед што ќе се обидам да го направам по однос на разни меѓународни документи би сакал да го потврдам токму спротивното. Имено, дека во Република Македонија тие стандарди не се почитуваат на одредено ниво, што ќе ги изрази реалните потреби и желби на населението во Република Македонија, во овој случај посебно мислам на албанското.

Република Македонија се обврза да ги почитува основните документи на Обединетите Нации, меѓу кои и Конвенцијата проти дискриминација во образованието, усвоена на општата конференција на УНЕСКО, како што кажа г-дин пратеник од Тетово, 1960 година а стапила во сила 1962 година. Нејзиниот член 5 точката Ц) вели "Треба да им се признае на припадниците на националните малцинства право да вршат сопствена просветна дејност, подразбирајќи и управување со школите според соодветната политика на секоја држава, да го употребуваат или изучуваат својот јазик под одредени услови, од кои што еден г-динот пратеник го искажа да не се доведе во прашање интегритетот во државата односно да може групацијата да биде вклучена во совладување на проблемите во општеството.

Понатаму, исто така, се спомнува дека наставата не треба да биде пониска од таа што е воглавном во државата и редица други минорни прашања. Но, во секој случај, тоа што е најважно сметам дека е правото експлицитно дадено за можност за образование на својот јазик.

Исто така, Република Македонија се согласила да ги почитува препораките и други документи при зачленување во Организацијата за безбедност и соработка на Европа, каде што образованието на мајчин јазик е дефинирано како право во многу бројните извештаи од разните состаноци, меѓу кои и на состанокот за национални малцинства во Женева 1991 година, каде, во поглед на правото на образование на мајчин јази: се вели: "Обезбедување на припадниците на националните малцинства на адекватни видови и нивоа на образование на мајчин јазик, со нужно почитување на бројот географската распространетост и културните традиции на националните малцинства". Односно, обезбедување финансиска и техничка помош на припадниците на националните малцинства кои сакаат да го остварат своето право на основање и водење сопствени образовни, културни и верски установи. Давање помош,а не спречување.

Ова прашање се третира и во документот од состанокот на Конференцијата за човековата димензија на КЕБС во Копенхаген 1990 година на сличен начин. Најсвеж документ во овој поглед е документот што г-ѓата министер го спомна во своето излагање. Тоа се Хашките препораки кои, во поглед на образованието, на правата на националните малцинства од 1996 година на одреден начин ги сублимира многуте меѓу- народни документи, конвенции и препораки што се познати. Тие истите се третираат во параграфите 8, 9 и 10, каде што на припадниците на националните малцинства им се признава право да основаат односно да раководат со свои приватни образовни институции.

Во параграфот 17 исто така се третира прашањето на образо- ванието во трет степен, во кое се вели "Лицата припадници на национал- ните малцинства може, треба да имаат пристап на третостепено образование на својот мајчин јазик каде што имаат истакнато потреба за тоа и каде што нивниот нумерички број го оправдува тоа". Сметам дека

во случајот на албанците и желбата што се изразува и бројчаноста што стои зад ова барање, мислам дека претставуваат реален основ да се заклучи дека ние себе си се наоѓаме и во овие препораки.

Притоа, исто така ја користам приликата да кажам дека оваа иста препорака упатува на тоа дека треба да се води сметка и за право што во историјата, во одредена држава, припадниците на одредени етнички групации ги уживале во минатото. Мислам дека и тука одредени права несомнено се под нивото што албанците го имале во минатото.

Инаку, Хашките препораки , како што реков се усогласени со некои други документи, од некои други релевантни меѓународни институции кон кои Република Македонија пристапила а тоа е Советот на Европа при што Република Македонија се обврзала да почитува два битни докумети, основни документи што се однесуваат на националните права. Тоа е рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Препораката 1201 од 1993 година на Парламентарното собрание, според кои што и Владата на РМ, според Мислењето 191 од 1995 година при приемот во Советот на Европа се задолжи, се обврзала да ја води својата политика кон националните малцинства, националностите во случајот со Република Македонија согласно со овие документи.

Во овој случај, членот 13 од рамковната Конвенција што од страна на пратеникот Мерсел Билали беше спомната, но во контекст на член 4 точка 2 експлицитно го предвидува правото на припадниците на националните малцинства во рамките на нивниот образовен систем за формирање и управување со нивни сопствени, приватни установи за образование и обука, а вршењето на тоа право не подразбира никаква финансиска обврска за страна.

Слично на тоа и препораката 1201, што ја спомнав, од 1993 година за додатен протокол за правата на националните малцинства кон Европската конвенција за човекови права, со што Парламентрното Собрание се обиде да ја пополни празнината што евидентно постои во поглед на третманот на нацјионалните права, како фундаментални човекоЕ права што ќе можат во догледно време, со усвојување на оваа препорака да се остварат и пред Европскито суд го третира ова прашање во член 8 каде што ставот 1 го третира и прашањето на правото за учење и образо- вание на свој мајчин јазик во соодветен број на школски и државни образовни институции, лоцирани во согласност со нивната автохтона распространетост. Додека ставот 2 го дефинира правото на припадницит е на националните малцинства да основаат и раководат со свои образовни институции.

Од оваа говорница беше спомната и Европската повелба за ре- гионални и малцински јазици што беше третирана на одреден начин. Но, според мое мислење произволно, неводејќи сметка за одредени параграфи што предвидуваат, односно го намалуваат суверенитетот на страната што се обврзала да ги почитува овие документи.

Имено, иако оваа Повелба, ја упатува страната да избере 35 параграфи, во секој случај со членот 7, точката 4 тоа право гооневоѕ можува да биде самоволно. Имено, упатува на почитување на реалните потреби и желби што ги изразуваат групите на кои што се однесуваат тие права. Освен тоа и членот 4 од оваа Повелба упатува односно Режим на заштита, упатува на водење сметка за правата што припадниците на националните колективитети ги уживале во минатото. Сметам дека во случајов со Република Македонија не се води сметка за овие елементарнс искажани потреби и желби на албанското население во Република Маке- донија.

XII/6.-

Инаку, би сакал да полемизирам само еден дел од јавно искажаниот став, искажани ставови на одреден број на државници на Република Македонија по однос на решавањето на проблемот со високото образование на албански јазик. Имено, таквото образование, таквата потреба на албанците ќе се разреши со самото тоа што на албанците им е овозможено да студираат на Универзитетот во Тирана, односно дека ќе се реватизираат тие барања со отворањето на Приштинскиот универзитет.

Сметам дека сегашната реална политичка позиција на Република Македонија таквите ставови ги прави чудни, барем според мое мислење, да упатува граѓани, државјани на оваа Република да студираат во странство. Сметам дека има реални потреби и можности тоа право албанците да го остваруваат во Република Македонија.

Инаку, се надевам дека е само резултат на невнимание на потпретседателот навредата што беше искажана од страна на г-динот Томислав Стојановски во поглед на карактеризирање на разните медијатори кои престојуваат во Република Македонија како "излитени пензионер кои немаат што друго да прават туку се обидуваат во Македонија да промовираат некои свои идеи". Се надевам дека Собранието јавно ќе се огради од ваквите квалификации.

После сето она што го изнесов, се надевам дека е јасно дек нема простор за негаторски однос кон барањето на албанците за образование на мајчин јазик на сите степени на образованието, бидејќи тие барања се во согласност со меѓународните документи кои што Република Македонија се обврзала да ги почитува. И, доколку е сериозна ова држава во своите намери да се однесува во согласност со искажаните ставови и преземените обврски на нас, тука, во овој парламент ни преостанува само да се договориме како сите тие работи ќе ги реализираме, односно што е тоа што државата ќе го преземе како своја обврска

во поглед на остварување на правото на албанците за образуваше на својот мајчин јазик, односно што е тоа што ќе се остави во доменот на приватната иницијатива на албанците.

Сметам дека секое решение што ќе се понуди треба да поаѓа о овие претпоставки, од реалните потреби и желби и искажаната готовност на албанците да ги остваруваат овие права. Само со нудење решени во согласност со меѓународно - признаените норми ќе се верифицира решеноста на Република Македонија да чекори по патеките на прогресот, демократијата и европските интеграции.

Во спротивно, мрачните сили кои минатите денови, за среќа во мал број се обидоа да надвладеат, ќе добијат лажни но опасни надеж дека се во право.

Во оваа прилика јавно сакам да го искажам своето задоволство од ставовите изнесени во одредени јавни гласила и од одредени поединци при појавите на кои што бевме сведоци да ги доживееме неколкуте денов неколкуве изминати денови.

Да резимирам на крајот вака како што е понуден овој документ овој закон, иако предвидува премостување на една доредена состојба, лично, поради скептицизмот дека ќе биде прифатен од тие кои што може би самите го иницирале ова, а и поради низа причини што ги изнесов во своето излагање нема да можам да го изгласам.

Благодарам.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор, г-ѓа Илинка Митрева.

Инаку, секој овде ги изнесува своите мислења, а став се донесува на Собранието кога за него ќе се произнесат доволен број пратеници, согласно на Деловникот.

Повелете г-ѓа Митрева.

XII/8.-

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

Во атмосфера на стимулирани тензии и подгревани немири сигурно не е многу популарно човек јавно да го поддржи законот за употреба на јазиците во наставата на Педагошкиот факултет. Јас тоа го сторам повторно бидејќи веќе еднаш се изјаснив на Комисијата за образование, без да почувствувам потреба уште еднаш да ја дадам аргументацијата за таквиот став, бидјеќи беше во повеќе наврати искажана

Колку да резимирам, мислам дека предлогот на закон, во него правно се регулира една состојба која што веќе постои, постојна состојба, во која што досега се толерирани извесни отстапки од повев сегменти од ова општество, од самиот Универзитет, од Владата, од јавноста.

Велам, полесно е во овој момент да се влечат евтини полити поени со тоа што ќе се критикува законот или ќе се отфрли, бидејќи знаете, прагматичноста може би наложува едно такво однесување. Меѓутоа да се прифати товарот на непопуларноста и да се брани овој закон, значи да се има една подолгорочна визија за решавање на овој тип на проблеми во Република Македонија.

Дозволете ми сега да искоментирам дел од дискусиите кои што се слушнаа денеска во Собранието на Република Македонија и кои што јас, со заеднички именител ќе ги наречам стереотип во однесувањето н ставовите на пратениците од албанската националност. Во овој стереотип што денеска го слушнавме недостасува може би само еден ниво на агресивност и арогантност, кој што веќе се случувал од оваа говорница, туку една поумереност во експликацијата и во тонот на експикацијата на нивните ставови.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (продолжение)

Дозволете ми, значи, образложувајќи го овој стереотип да се послужам со неколку поткрепи. Направив да кажеме квантитативна анализа на оние ставови и барања, кои што се повторуваат во тие дискусии.

Беше истакнато, помеѓу другото, дека овој закон предизвикува односно прашањето на решавањето на едукацијата на националностите во Република Македонија предизвикува аверзија кај луѓето кон еден јазик и кон едно образование. Беше во тој контекст радикализирана оваа теза, па спомената ситуација на албанофобија во Македонија.

Понатаму, законот беше коментиран и од ракурсот на потреба да се амортизираат практично реалните потреби и тоа на еден перфиден начин и со измислена елеганција.

Понатаму, обидот кој што е врзан за донесувањето на овој закон е исто така назначен како потреба да се изманипулира меѓународниот фактор и во таа смисла како што видовте разни конвенции интерпретирани се а правото на интерпретација го има секој бидејќи станува збор за текст.

Понатаму, исто така образованието беше наречено овде е фантомска категорија итн. Во комплексот на она што го нареков стереотип во однесувањето на нашите колеги од албанска националност, особено место зазема барањето за институционализирање и легализирање на таканаречениот Тетовски универзитет. Тука има една градација.

Прво, од оние кои што тоа го формулираат како потреба да се институционализира и легализира.

Второ, оние кои што би го толкувале отсуството на вакво барање како незрелост, односно колективна незрелост, незрелост што би го

погодиле колективитетот на кој што припаѓаат. И сега една крајно категорична, за мене изненадувачка, но на прв поглед лежерна формулација дадена од пратеник, кој што обично од оваа говорница настапува добронамерно и хуманистички ориентирани неговата дефиниција на овој проблем гласи вака: Во Македонија е најдена форма за високото образование на албанците". Значи, тоа е онаа градација која што сакам да ја посочам во овој поглед.

Понатаму, во истиот контекст да ги споменам анализите дека се врши гетоизација, а еве сега слушнавме дека државници од Република Македонија истапуваат на соодветен начин итн. Отсуство на политичка волја, отсуство на добри намери итн. Да не продолжам да ги набројувам сите елементи кои што успеав да ги забележам. Оние што ги викам стереотипно однесување во тој поглед од оваа говорница, дозволете ми да коментирам некои од нив. Сосема накусо.

Прво, би сакала да го коментирам ставот дека постои отсуство на политичка волја и добра намера да се решава овој проблем во Република Македонија. Доказ за ова е постојан што ние го имаме пред нас. Доказ за тоа е нацрт законот и Предлог-законот за високото образование кој што треба да стигне во ова Собрание. Значи оваа држава никого не мами вклучувајќи ги и оние на кои што тие закони им се наменети и кои што обезбедуваат, кои што се трудат во една законска и уставна рамка тоа да го средат. Второ, отсуството на политичка волја сакам да го коментирам и од аспектот на оној кој што ја дава критиката. Зошто?. Овој закон, за кој што дефинирав на кого му е наменет требаше да биде со раширени раце прифатен токму од нив. Затоа што успева на начинот на кој што е соочен да обезбеди квалификуван и стандарден кадар за еден од степените на образованието. Меѓутоа еве Законот е за поинаков тип на дефиниции и на барање, за кој што јас не верувам дека ќе имаат поинаков одговор, отколку оној кој што е содржан во Уставот и законите на Република Македонија.

XIII/3.-

Сакам, исто така, да го коментирам и оној дел содржан во оној стереотип кој што ваквото залагање за граѓанска држава каква што е република Македонија и за граѓански устав каков што е Уставот на Република Македонија го дефинира како дволично однесување. Е, па сега колеги и господа пратеници, да видиме на која страна ќе го ставиме квалификативот дволичен ако знаеме дека тој доаѓа и од оние КОЃ што кокетираат, или пак кои што самите учествуваат во власта.

Конечно, треба да се решиме прашањето за граѓанската лојалност која што е суверена категорија во демократските држави да го ставиме на она место на кое што му припаѓа, т.е. на највисокото место. Тогаш кога добрата волја за граѓанска лојалност ќе биде по- кажана од осите оние кои што се граѓани на Република Македонија, верувам дека дијалогот ќе тече полесно. Во спротивно бидете убедени дека навистина и тука веќе завршувам со она што започнав ќе станува збор за континуирано исконструирани, и стимулирани и би се прашала со кои мотивации направени тензии, непотреби во една земја, која што се одликува со својот демократски граѓански и европски ориентиран профил.

Не мислам многу да должам, затоа што практично она што се однесуваше на самата потреба за донесување на Законот, на околностите во кои тој се донесува, на историјатот, на генезата на проблемот веќе е кажано.

Она за што сакам да апелирам во овој миг и од оваа говорница е да се обидеме барањата за дијалог, за разговор, за договор, за лојалност кон оваа држава да бидат почитувани од сите оние кои што учествуваат во градењето на оваа држава и кои што се нејзини граѓани.

XIII/4.-

**БЛАЖЕ ФИЛИП0ВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас сега сакам да кажам дека и Илинка ја разбирам дека добро намерна беше со коментарите, барем јас така сакам да ги коментирам и сега сакам својата добронамерност да ја образложам. Бидејќи, еве, што е во суштина. Можеби сега некој пак да ми замери па да кажам и тоа. Ова што е образовен дел или толку колку е образовен дел на албанците денес во Македонија, тоа што се политичките сили такви какви што се денес во Македонија, тоа што се здруженијата кои што се, на еден интелектуален ниво сите се одлучни во тоа да се забрза процесот на образованието и квантитативно и квалитативно на албанците. Мислам да не ве лажеме сега односно да не бидеме сите во заблуда. Ова е одлука кратка, јасна, долгорочна и неодминлива. Зошто? Не само, зборувам за сите кои што не се со доволно образование реков и пред малку фигуративно сега го земам тоа како најголема популација најважна после македонците тука. Во тоа нема попуштање и бараме да не подржите затоа што е тоа и интерес на државата. Сакаме тоа да се прогласи и како интерес на државата. Тоа ми беше поентата и тука го наоѓам опра дувањето.

Второ, ние сме убедени и тврдиме, а и македонската образов национална основа укажува дека поголем степен во динамиката и во квалитетот може да се постигне само на мајчин јазик. Докажете обратно. Македонскиот народ во бивша Југославија за 20 години со еден факултет имаше само 180 студенти и тоа на српски јазик, за што беше српскиот поблиску отколку албанскиот и македонскиот. Не можеше повеќе. На туѓ јазик може да се обезбедува само елитистичка форма на школување, само на посебни талентирани или со посебна материјална положба. Поголема масовност, поголема динамика освен на мајчин јазик не може да се постигне. Тоа беше и добронамерното мое залагањее дека таа институција е најдена.

Трето, мислам дека веќе се созреани условите во Македонија, созреани се и амбиентално да кажам условите и во самата албанска популација една таква институција сесрдно да ја поддржуваат барајќи помош и поддршка од целата заедница. Таа е веќе три години реалност. Јас МЈ и во тоа е добронамерноста, а не некоја вака, злоба за тоа. Ние ако бегаме од реалност можеме и натаму. Но тоа е реалност.

Сега да ви кажам знаете што е граѓанска лојалност? Граѓанската лојалност е кога секој граѓанин ќе најде во заедницата свој интерес. Не наоѓа интерес, нема лојалност. Еднострана лојалност само врз интереси на кои што не се совпаѓаат со сите граѓани таа не е лојалност, таа е нешто друго, друго име има, Илинка тоа добро го знае и мислам не треба да повторуваме. Пак добронамерно викам дека е интерес на сите поквалитетно образование на албанците.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г.дин Сами Ибраими

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, нема да навлегувам во тоа што се дискутираше досега, ќе се потрудам кратко да го кажам моето лично мислење. Денес расправаме за еден предлог закон за употреба на јазикот во наставата во педагошкиот факултет т.е. во трансформираната педагошка академија, која почнала со работа токму пред 30 академски години. Но, некој без пардон ја укина во 1986, 1987 година, дали постоел закон со кој е отворена оваа педагошка академија и што стана со тој закон. Некој се поигрува со законот кога се во прашање нивоата за образование на албанците и ве уверувам дека на ова поле сеуште тапкаме на место и сеуште не можеме да го надминеме квалитетот што го создаваше учителската школа во 50-тите години токму овде во Скопје до денешната зграда на Македонската радио телевизија.

XIII/6.-

Внимателно го простудирав предлогот за донесување на овој закон и најдоброто во него се основните начела врз кои се засновува Законот. Оваа извонредна демократичност и во образованието, достапно на образованието за секого и под еднакви услови и обезбедување на квалитет во образованието. Ова е навистина извонредно но се плашам да не е само некоја камуфлажа, или некој си мекјаж да се докаже дека еве во Македонија високото образование се одвива и на албански јазик. За мене Педагошкиот факултет е само еден сегмент, еден дел од вистинскиот педагошки факултет, бидејќи е во него се едуцираат само воспитувачи и учители до 4-тото одделение и што станува збор за кадрите од високите одделенија од основното училиште и комплет целото средно образование. Ова, за мене, како би се рекло на запад, само еден тичерс-колеџ и ништо повеќе. Значи, треба да се нарече учителски факултет или дел од педагошкиот факултет. Некако ова вака е неприфатливо.

Се прашувам каде ќе се едуцираат кадри за вишите одделенија на основното образование и комплет средното образование и кои предмети ќе се опфатат во тоа. Јас како професор на англискиот јази ве уверувам ве убедувам во секоја литература каде што сум читал се Е дека странскиот јазик најубаво се учи преку мајчиниот јазик. Верувај дека хронолошката и синтактичката структура на албанскиот јазик само тоа може да му парира на англискиот јазик во сложените форми на кои времиња и друго. Истото може да се каже и за турскиот јазик што му парира на францускиот бидејќи структурата на турскиот јазик на граматиката и морфологијата комплетно е сосема поинаква од македонскиот јазик. И низа други предмети, за ова треба да сме внимателни.

Затоа, предлагам да не се донесува овој закон парцијален туку што поскоро да се донесе закон за високото образование каде треба да се предвидува и институционализирање на тетовскиот универзитет. Кога го

XIII/7

велам ова, пред се, се потпирам на некои конвенции или рамковни конвенции некои документи од органите на Европскиот совет од разните комитети, пред се од Комитетот за култура и високо образование, или Комитетот за високо образование и наука. Во тие документи, на едниот од тие документи стои дека треба да се апелира до сите страни што се ангажирани во високото образование да ги промовираат сите можности за вклучување во едукацијата на сите нивоа на националните малцинства, а за овој термин подоцна ќе кажам неколку збора. Во еден друг материјал, исто така од Европскиот совет стои: игнорација, сепарација или кооперација и интеграција. Нормално дека целосна поддршка или предност се дава на ова второто, значи кооперација или интеграција. Но, кај нас овде се случува токму обратното, значи игнорација, сепарација, а ова за Европа никогаш ве уверувам нема да биде прифатено.

Втемелувачите на тетовскиот универзитет перманентно бараат институционализација или вклучување на тетовскиот универзитет во постојниот високо образовен систем на Република Македонија. Универзитет каде се работи со планови и програми, пред се со Скопскиот универзитет и нешто од Битолскиот. Но некои тврдоглаво ги игнорираа овие барања и нормално со тоа го сепарира универзитетот во Тетово од другите два постојни универзитети во Република Македонија. А тоа не е добро. За жал јас сум констатирал дека за некоја група политичари политичката етика овде кај нас е да се етикетира се што е немакедонско. Но, за сето ова јас не го обвинувам никого посебно, туку само Владата и Уставот на Република Македонија, а не Министерството, за образование, а најмалку министерката што е присутна тука.

За Владата би рекол дека е клефтократска и нема храброст некои работи што се однесуваат во интеретничките релации да ги каже јавно и гласно и без пардон да ги именува виновниците од една страна. А од друга страна со демократски дијалог да најде решение прифатливо за сите заинтересирани страни за одредени проблеми.

Уставот како генерален виновник каде што еден дел од граѓаните на Македонија ги има сите универзални права, а другиот дел на граѓани на Македонија имаат само лимитарани права е виновник за недоречени членови со ембигуитивно значење од типот не може вака, но не се забранува ни така. Уставот треба да седне на обвинителна клупа ова сум го рекол и порано, треба да седне на поправен испит и да се молиме да го положи испитот и да ги задоволи сите граѓани на Република Македонија.

За терминот национално малцинство ќе кажам дека е неуставен термин но за жал преку голема врата влезен е и во ова Собрание и истиот употребуван без пардон, а тоа е неуставно.

На крајот да го кажам и ова дека некој од говорниците го употребуваат терминот меѓународни стандарди. Па, кога е во прашање високото образование нека ја земат за пример Финска, Швајцарија, Канада и некои други земји, значи, нека вршат позитивна компарација а нека не ловат само некоја негативна компарација која оди на штета на еден добар дел на граѓани на Македонија.

На крајот ако кооперираме ќе најдеме низа начини за интеграција. Ако се игнорираме тоа ќе не води уште во подлабоки сепарации, а ова последното грото од граѓаните на Македонија нема да го прифатат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам овде да престанеме.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Но, ве молам, точно во 11,00 часот за да бидеме поефикасни.

(Седницата прекина со работа во 16,15 часот.